EUOPEAN UNION'S CROSS BORDER COOPERATION PROGRAMME

# АНАЛИЗА И СТРАТЕГИЈА ЗА МАРКЕТИНГ, ПРОМОЦИЈА И БРЕНДИРАЊЕ НА УНИКАТЕН ТУРИСТИЧКИ ПАКЕТ ОД КРУШЕВО И ЕЛБАСАН ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА



This project is funded by the European Union

ALKA Center for Sustainable Development

TJETER VIZION

Овој документ е изработен со помош на Европската Унија, во рамките на проектот „Крушево и Елбасан – призната прекугранична туристичка дестинација“ Договор за грант бр. 2021/429-426.

Содржината на овој документ е единствена одговорност на институциите и организациите кои го спроведуваат проектот и во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Објавено од

Центар за одржлив развој АЛКА

Координација од

Томе Христовски – Општина Крушево

Гледијан Латја – Општина Елбасан

Елизабета Ѓорѓиевска - Центар за одржлив развој АЛКА, Скопје

Ариан Чала – Организација Тјетер Визион, Елбасан

Подготвено од

д-р Елвира Фетаху

МБА Емилиа Героска

Преведено и лекторирано од

АПММ - Скопје

Дизајн од

Контура ДОО - Скопје

# ЛИСТА НА КРАТЕНИЦИ

| | | |
|---|---|---|
| КЕТ | КЕТ | Крушево Елбасан Туризам |
| ATTA | АТТА | Асоцијација за авантуристички патувања |
| ATV | АТВ | Теренско возило |
| CB | ЦБ | Прекугранична |
| CBC | ЦБЦ | Прекугранична соработка |
| B&B | Б&Б | Ноќевање со појадок |
| B2B | Б2Б | Бизнис со Бизнис |
| B2C | Б2К | Бизнис со клиент |
| COVID 19 | КОВИД -19 | САРС Ков 2 |
| DMO | ДМО | Организација за управување со дестинација |
| DMP | ДМП | План за управување со дестинација |
| EU | ЕУ | Европска унија |
| FAM tour | ФАМ тура | Турнеја за запознавање |
| FB | ФБ | Фејсбук |
| F&F | Ф&Ф | Факти и бројки |
| GDP | ГДП | бруто домашен производ |
| IG | ИГ | Инстаграм |
| IPA | ИПА | Инструментот за претпристапна помош |
| LED | ЛЕД | Локален економски развој |
| LRCP | ЛРЦП | Проект за локална и регионална конкурентност |
| LSG | ЕЛС | Единица на локална самоуправа |
| NGO | НВО | Невладина организација |
| ROI | РОИ | Враќање на инвестиции |
| SEO | СЕО | Оптимизација на пребарувач |
| TCCI | ТККИ | Индекс на носивост на туризмот |
| ToR | ТоР | Работна задача |
| UNWTO | ОНСТО | Светска туристичка организација на Обединетите Нации |
| USP | УСП | Единствен предлог за продажба |
| UVP | УВП | Уникатен предлог за вредност |
| WSs | Работилници | Работилници |
| WTO | ВТО | Светска туристичка организација |
| WTTC | ССПТ | Светски совет за патувања и туризам |
| VFR | ППР | Посета на пријатели и роднини |

# ВОВЕД

Овој документ е изработен во рамки на Проектот „Крушево и Елбасан – призната прекугранична туристичка дестинација“, финасиски поддржан од Европската Унија преку ИПА II Програмата за прекугранична соработка помеѓу Северна Македонија и Албанија. Проектот има за цел долгорочен, стабилен и одржлив раст на туризмот, кој ги балансира еколошките, економските и социо-културните аспекти на туризмот, и  да се гарантираат долгорочни придобивки за заедниците и земјите, како и прекугранична област (ниво на влијание).

„Анализата и стратешките насоки за промоција на туристичкиот пакет Крушево - Елбасан“ се во согласност со напорите да се постави заедничка стратешка насока за понатамошен развој на дестинацијата Крушево-Елбасан како единствена тематска туристичка дестинација, фокусирана на развивање и поврзување на активни и авантуристички туристички производи. Во тој поглед, наодите и препораките од анализата произлегуваат од опсежните консултации со постоечката литература на темата и примарната целна група т.е давателите на туристички услуги во Крушево и Елбасан. За таа цел во рамки на проектот, се водеше интензивен консултативен процес со високо учество и вклученост на локалните самоуправи, приватниот и граѓанскиот сектор.

Втората специфична цел на КЕТ проектот вклучува: Развивање на интегрирана туристичка промоција и подготвени конкурентни туристички и угостителски услуги во рамките на прекуграничната област Крушево-Елбасан за привлекување домашни и странски туристи и посетители.

За да се постигне горенаведената цел, две искусни туристички експертки, проф. доц. д-р. Елвира Фетаху и МБА Емилиа Героска беа ангажирани да ги истражат постоечките (анализа на ситуацијата) и потенцијалните можности (анализа на литература и теренско истражување) за понатамошен развој на активен и авантуристички туризам во Елбасан и Крушево, соодветно. Горенаведените задачи беа спроведени од мај до септември 2022 година, со логистичка поддршка од сите релевантни актери за развој на туризмот во двете општини, Крушево и Елбасан.

Документот се состои од два главни дела. Првиот се однесува на анализа на постоечката ситуација по подолу елаборираната методологија. Во вториот дел се претставени наодите и препораките проследени со основните стратешки насоки за понатамошен маркетинг, промоција и брендирање на дестинацијата Крушево – Елбасан како единствен активен и авантуристички туристички пакет.

# I. МЕТОДОЛОГИЈА

Примарната цел на овој документ е да ги елаборира можностите за развој на дестинацијата, да развие силно разбирање, како  и да се добијат вредни сознанија за актуелната ситуација со развојот на туризмот во Крушево и Елбасан. За изработка на овој документ се пристапи кон комбинирани истражувачки методи со користење на примарни и секундарни податоци. Прелиминарните податоци беа собрани со употреба на два методи: работилници и длабински интервјуа.

Беа организирани две прекугранични заеднички работилници со главните туристички чинители во Албанија (18-19.05.2022) и Северна Македонија (08-09.06.2022) за да се соберат локални искуства, можности, ставови и идеи од релевантните чинители и корисници од Крушево и Елбасан. Главната цел на овие работилници беше да се генерираат и дискутираат идеи за туризмот во два региона и да се развие заеднички туристички производ. На работилниците присуствуваа 48 учесници (32 мажи и 16 жени), сите претставници од угостителски бизниси, тур-оператори, администрација на локална самоуправа, граѓански сектор, културни институции и академска заедница. Овие активности беа одличен повод да се разговара лице в лице за она што ги засега туристичките чинители во Елбасан и Крушево. Во исто време, работилниците служеа како заедничка прекугранична платформа за анализа на моменталната состојба на туризмот во Крушево и Елбасан преку "бура на идеи" т.е генерирање идеи за понатамошен развој како енергична дестинација нудејќи, заеднички и конзистентен туристички пакет. Анализата се фокусираше на следново: идентификација на туристичките потенцијали во регионите, дизајнирање динамични туристички понуди, диверзификација на туристичките понуди, најдобри начини за промоција и комуникација на Елбасан и Крушево како единствена туристичка дестинација, развој на специфични академски и стручни образовни програми за туристички услуги, како и програми за обука за поединци или вработени, поврзани со секторот туризам и угостителство.

Беше спроведена заедничка вежба за дизајнирање туристички пакет од перспектива на понуда на туристичкиот пазар, односно од гледна точка на туристичките провајдери на дестинацијата. Предложените туристички производи беа испитани на страната на побарувачката на туристичкиот пазар - клучните аспекти на авантуристичка дестинација, вклучувајќи активности, атракции и пристап. Учесниците ги разбраа барањата на маркетинг и промотивната кампања за понатамошно промовирање на прекуграничната авантуристичка и активна дестинација.

После завршување на работилниците, со учесниците беа спроведени структурирани интервјуа од страна на експертките. Итервјуата беа корисни за целосно разбирање на мислењата, искуствата и предлозите на главните актери на туристичкиот сектор во Крушево и Елбасан. За време на овие интервјуа, беше опфатена следнава листа на теми и прашања:

- Како Крушево и Елбасан може да се гледаат како туристички атракции? Кој е нивниот идентитет?
- Кои настани и активности се направени за туризмот во Крушево и Елбасан и што повеќе може да се направи?
- Како може да се подобри маркетингот на Крушево и Елбасан како заедничка туристичка дестинација? Како може да се промовира?
- Како може да се подобри туристичката инфраструктура?
- Што може да се направи за да се подобрат туристичките услуги, воопшто?

За секундарните податоци, беше спроведено опсежно истражување преку анализа и преглед на достапните документи, планови и стратегии за двете земји. Истражувањето главно беше искористено за  општ поглед на локалните дестинации на Крушево и Елбасан и нивниот туристички потенцијал. Добиените официјални податоци за туризмот и други поврзани прашања од интерес беа пресликани со официјални податоци од институциите за водење на статистика и општините. Општа забелешка, како што и се очекуваше е дека сите наведени и консултирани документи открија изолирани, стратешки развојни насоки за локалните дестинации Крушево и Елбасан сами по себе, но сепак обезбедија солидна база на информации за понатамошен заеднички развој на туристичките пакети од страна на понудата на заедничката дестинација.

Алатките употребени во истражувањето за овој документ беа од непроценливо значење при елаборирањето на можностите за развој на една заедничка тематска прекугранична туристичка дестинација Крушево-Елбасан.

# II. КОНТЕКСТ

Светската туристичка организација (СТО) ја дефинира локалната туристичка дестинација како физички простор во кој туристот поминува најмалку една ноќ. Вклучува туристички производи како што се услуги за поддршка, атракции и туристички ресурси за еднодневно патување. Дестинацијата има физички и административни граници кои го дефинираат нејзиното управување, како и слики и перцепции кои ја дефинираат нејзината конкурентност на пазарот. Локалните дестинации вклучуваат различни засегнати страни, вклучително и заедницата – домаќин. Локалните дестинации можат да се вмрежуваат за да формираат поголеми туристички дестинации (UNWTO 2007). Почетениот преглед на петте елементи на една дестинацијата: пристап, сместување, атракции, активности и удобности го сочинуваат конзистентентниот сет на територијата и на Крушево и на Елбасан, со што се овозможува понатамошно елаборирање за формирање на единствена тематска прекугранична дестинација Крушево-Елбасан од страна на двете држави, Северна Македонија и Албанија.

До денес, не постои дефиниција за авантуристички туризам во литературата на UNWTO. Во овој документ ја следиме Асоцијацијата за авантуристички патувања (ATTA), која го дефинира авантуристичкиот туризам како „патување кое вклучува најмалку два од следните три елементи: физичка активност, природна средина и запознавање со културното наследство. По прегледот на туристичкиот производ претставен подолу во делот III: Анализа на ситуација, најмоќната тема што ги поткрепува двете локални дестинации како една единствена тематска дестинација е авантура и активно патување.

Во тој поглед, Крушево и Елбасан се два туристички центри на една тематска дестинација.

## II.1 ТУРИСТИЧКИОТ СЕКТОР И ПОТЕНЦИЈАЛОТ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Туризмот игра важна улога во економскиот развој на една земја. Владите од многу земји гледаат на туризмот како погодна алатка за подобрување на платниот биланс, привлекување странски инвестиции и ублажување на невработеноста. Покрај директните ефекти од туризмот, како што се зголемениот приход и растот на бројот на работните места, постои и „мултипликативниот ефект на туризмот". За да се измери целокупното влијание на туризмот врз економијата на една земја на вистински начин, мора да се земат предвид придобивките не само на директните корисници на приходите од туризмот, туку и на индиректните корисници. Тоа се пред сé производителите на земјоделски производи, кондиторската индустрија, производителите и дистрибутерите на апарати или индустриска опрема, продавници за малопродажба, банки и многу други претпријатија или поединци кои имаат придобивки од развојот на туризмот.

Светската туристичка организација на Обединетите нации (UNWTO) прогнозираше дека меѓународните пристигнувања или појдовни патници ширум светот ќе достигнат 1,8 милијарди до 2030 година, со што ќе се обезбеди туризмот да постане една од најбрзорастечките економски активности што го поттикнува севкупниот развој, воведува нови инвестиции и генерира приход, креира нови работни места.

Во однос на бројките, најновото годишно истражување на Светскиот совет за патувања и туризам (WTTC) покажува:

По загубата од речиси 4,9 трилиони американски долари во 2020 година (-50,4% пад), придонесот на патувањата и туризмот во БДП се зголеми за 1 трилион УСД (+21,7% пораст) во 2021 година. Во 2019 година, секторот за патувања и туризам придонесе со 10,3% во глобалниот БДП, кој се намали на 5,3% во 2020 година поради тековните ограничувања на мобилност. Во 2021 година уделот се зголеми на 6,1%.

Во 2020 година беа изгубени 62 милиони работни места, што претставува пад од 18,6%, оставајќи само 271 милион вработени низ туристичкиот сектор на глобално ниво, во споредба со 333 милиони во 2019 година; Во 2021 година беа обновени 18,2 милиони работни места, што претставува зголемување од 6,7% на годишно ниво. По намалувањето од 47,4% во 2020 година, потрошувачката на домашните посетители се зголеми за 31,4% во 2021 година, додека по падот од 69,7% во 2020 година, трошоците за меѓународни посетители се зголемија само за 3,8% во 2021 година.

Горенаведените впечатливи бројки ги одразуваат последиците од пандемијата (КОВИД-19) врз патувањето, нагласувајќи го екстремниот пад на странските туристи во посета на дестинациите, истовремено покажувајќи го зголемувањето на домашните туристи кои ги истражуваат руралните области и „зелените" туристички центри.

Пред ограничувањата за патување со КОВИД-19, посредни докази од Крушево (ЛРЦП Том II – Планови за развој на дестинациите – План бр. 3: План за развој на туризмот: Пелагонија) сугерираа дека зголемената популарност на Крушево и Прилеп како дестинација за параглајдерство видно ја зголеми посетеноста на Пелагонија. Според проценките на локалните провајдери во 2017 година, надвор од првенствата во параглајдинг, Крушево пречека најмалку 1.000 меѓународни гости кои го посетија за одмор комбиниран со параглајдерски активности или за подготовка за претстојни натпревари. Најголем број од посетителите беа од Словенија, Англија, Бугарија, Србија, како и други земји во регионот. Минималниот престој за овој сегмент е пет дена, најчестиот престој е седум дена, а во периодот кога се одржуваат натпреварите и првенствата, учесниците престојуваат просечно 14 дена. Просечната потрошувачка на параглајдеристите за одмор, и на пакети за обука е околу 70 евра дневно. Пакетот за рекреативни параглајдеристи кои доаѓаат да тренираат во локалните клубови е 50 евра дневно и вклучува сместување и доручек, тренери и локална поддршка (локален транспорт). Во погоре наведениот износ, не се вклучени трошоците за храна и пијалоци, или други услуги што туристите може да ги консумираат.

Во периодот на изработка на анализата, сегашниот влезен пазар на Крушево дестинацијата не може да се процени поради трендовите или предвидувањата, поставувајќи индикатори за раст на пристигнувања или побарувачка на дестинации, единствено затоа што најголемото нарушување на проценка на патувањата е неизвесноста. Покрај КОВИД-19, војната во Украина и светската енергетска криза, трендот на домашни пристигнувања најверојатно ќе продолжи и во следната 2023 година.

Врз основа на интервјуата со давателите на услуга за сместување во Крушево (2022 година, КЕТ Проект), што е поддржано и од официјалната статистика, најголемиот дел (до 90%) од вкупните пристигнувања во 2021 година се однесува на домашниот туризам кој ги опфаќа сите пазарни сегменти во рамките на националната економија: семејства, парови, пријатели, приватни групи, мали организирани групи, еднодневно патување или посета, продолжени викенди, одмор, присуство на настани. Повеќето посети вклучуваа барем една физичка активност како пешачење во природа, планинарење, возење велосипед и јавање коњи.

**Табела 1: број на посетители, во Крушево по година (2018-2021)**

| Година | Број на домашни посетители | Број на странски посетители | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2018 | 15038 | 2465 | 17503 |
| 2019 | 19876 | 2366 | 22242 |
| 2020 | 17561 | 343 | 17904 |
| 2021 | 18341 | 1318 | 19659 |

*Извор: База на податоци на МакСтат, август 2022 година*

Најелементарно, туризмот се однесува на бројки - број на посетители, автомобили, летови, хотели, апартмани и кампови, ресторани, клубови и кафулиња и како тие бројки влијаат на растот на дестинацијата. Во случајот со Крушево, обемот на туризмот може да се мери со бројот на ноќевања, бидејќи овај показател е директно поврзан со зголемување на работни места, генерирање приходи и севкупно подобрување на локалната економија.

Од табелата се гледа дека економското влијание од туризмот врз економијата во Крушево има голем потенцијал. Имено, во Крушево како дестинацијата има 1.250 достапни легла (види III.3 СМЕСТУВАЊЕ), каде вкупната зафатеност на сместување во 2021 година е измерена на 52.45 ноќевања, што покажува дека Крушево било посетено со полн капацитет само 42 дена во текот на 2021 година.

Горенаведената пресметка (во наједноставна форма, не земајќи ја предвид сезонската состојба) имплицира дека Крушево има можност да го зголеми вкупниот број на ноќевања на годишно ниво. Приклучувањето кон меѓугранични проекти кои нудат уникатни активни туристички пакети може да биде еден од начините да се диверзифицира и подигне нивото на тековната понуда, како и да се пополни расположливиот сместувачки капацитет во поголем обем.

**Табела 2: број на ноќевања годишно, Крушево**

| Година | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на ноќевања | 46741 | 51526 | 56660 | 44273 | 52454 |
| Зголемување на бројот на ноќевања во однос на претходната година | | 4785 | 5134 | -12387 | 8181 |
| % од зголемување на бројот на ноќевања во однос на претходната година | | 10.24 | 9.96 | -123.87 | 81.81 |

*Извор: База на податоци на МакСтат, август 2022 година*

За споредба, дестинациите во прекуграничната област на Македонска страна кои нудат слични искуства (селата околу Преспанското Езеро и Охридското Езеро, градовите во подножјето на националните паркови и планинските села), исто така бројат зголемен пораст на домашните посетители во 2021 година, пред се поради ограничувањата за патување во странство. Така, дури и прогнозата за трендот не може да се заснова на извонредни несигурни надворешни влијанија. Сепак најновите тенденции можат да се применат во развојот на стратешките насоки за развој на дестинацијата, поради промотивните активности и повторно откривање на локалната дестинација Крушево од страна на домашните посетители. Дополнително, според Стратегијата за развој на туризмот на Општина Крушево 2020-2025 година, милениумците и генерацијата З (Z) ќе станат клучна движечка сила во мобилноста, а нивните патувања може да доведе до значителни промени на туристичкиот пазар (поврзани со новите технологии и авантуристичките патувања).

Поради својата географска положба, Елбасан мора да се потпре на специфични видови туризам, главно авантуристички, културно - историски и бањски туризам. Во Албанија, Елбасан мора да се натпреварува со приморските региони и со веќе популарните планински дестинации. Покрај тоа, на Елбасан со години му е креирана слика на загаден град, каде што главните деловни активности се фокусирани на индустриското производство, а не испорачување на туристички услуги. Но, не е се сиво од перспектива на Елбасан како идна туристичка дестинација. Самата локација во централнитот дел на Албанија го прави лесно достапен од главните влезни точки во државата. Исто така, богатството со потенцијални туристички ресурси и долгата традиција на гостопримство, претставува цврста основа за да го претвори Елбасан во карактеристична туристичка дестинација.

Повеќето туристички посети на Елбасан се поврзани со термалните бањи во Лиџа (Треган), со времетраење од 7 до 10 ноќевања. Овие посети се активни во пролет и есен кога временските услови се поволно за термални здравствени третмани. Најголемиот број посетители се од Албанија, Косово и Северна Македонија. За жал, нема прецизни статистички податоци за точниот број на хотели во Лиџа (Треган), бројот на туристи кои ја посетуваат областа, како и должината на престојот.

Друга дестинација која вклучува ноќевање е Ѓинар, планинска дестинација која се наоѓа на околу 24 километри оддалеченост од Елбасан. Иако е добро позната како убава туристичка дестинација, на туристите им се нудат мал број на активности, што резултира нивен престој од еден до два дена. Повеќето се еднодневни посети, уживајње во традиционална храна приготвена во бројните ресторани, чистиот воздух и прекрасната природа.

Елбасан е познат по организирањето на настанот „Ден на летото“, кој се одржува секоја година на 14 март, и е државен празник. Илјадници посетители доаѓаат во Елбасан на овој ден, да уживаат во традиционалната храна и излети на отворено, создавајќи празнична атмосфера во градот и блиската околина. Времетраењето на задржување на поситетелите не е повеќе од една ноќевање, или најчесто се еднодневни посети.

Елбасан има и други туристички атракции, кои можат да бидат вклучени во туристичките понуди од страна на туристички агенции или оператори. Но, неговиот потенцијал како туристичка дестинација не е целосно искористен, оставајќи многу простор за напорна работа и подобрувања. Во 2007 година, Советот на регионот на Елбасан подготви „Акционен план за туризм во регионот Елбасан“, кој требаше да послужи како генерален водич за развој на туристичкиот сектор во Елбасан. Меѓутоа, нема статистички податоци или конкретни информации за влијанието на Акциониот план врз развојот на туризмот во Елбасан.

Една од стратешките цели наведени во Стратегијата за развој на територијата на Општина Елбасан (2015) е „... заштита и обновување на природните ресурси како основен елемент на социјалната благосостојба и економското подобрување, преку природниот и културниот туризам“. Така, локалните самоуправи и другите владини тела се свесни за важноста на туризмот и неговиот развој. Посебна Стратегија или акционен план за развој на туризмот во Елбасан се уште не се подготвени и достапни, така да развојните процесе се засноваат главно на приватни иницијативи и спорадични настани.

Општинските власти не овозможија точни статистички податоци за капацитетите на угостителските објекти како и за бројот на посетители во секој месец или сезона од годината во Елбасан. Тоа не го овозможи ниту централната власт, ниту другите институции.

Поради меѓузависноста со другите економски сектори, развојот на туризмот овозможува развој на локалната економија. Од друга страна, предизвик е точно да се одреди економското влијание на секторот туризам што го има врз локалната економија. Дополнително, сложена е анализата точно да се одреди која инвестиција е чисто туристичка. На пример кога се инвестира во патна или во здравствена инфраструктура, има корист целокупната дестинацијата, во однос на пристапни и безбедни туристички области за посета.

Инфраструктурните инвестиции на КЕТ проектот во Крушево и Елбасан многу придонесуваат за атрактивноста на локалните дестинации во однос на пристапноста на авантуристичките локации, поттикнувајќи го севкупниот економски развој во прекуграничната област, што доведува до повеќе работни места, повеќе приходи и поголем извоз на услуги.

## II.2 АНАЛИЗА НА ТЕКОВНАТА СОСТОЈБА ОД СТРАТЕГИИТЕ И ПОЛИТИКИТЕ НА ЛОКАЛНО, НАЦИОНАЛНО И РЕГИОНАЛНО НИВО

Консултираната литература (претставена во табела 3 подолу) ги поставува темелите за понатамошен развој на локалните дестинации Крушево и Елбасан. Во неа е содржана длабинска презентација на потенцијалот на локалнате дестинација и нивните развојни насоки од стратешка гледна точка. Стратешките документи на национално и локално ниво се усогласени со актуелните трендови на ЕУ во развојот на туризмот, воопшто. Неколку аспекти специфични за локалната дестинација (активен туризам, велнес туризам, рурален туризам) се нагласени како најмоќни туристички карактеристики за понатамошен развој на дестинацијата. Во табелата подолу е резиме на стратешкото планирање за дестинацискиот развој на Крушево и Елбасан, соодветно.

**Табела 3: консултирана литература**

| | Организација/институција | Стратегии/Планови/Истражувани документи |
|---|---|---|
| 1 | Општина Крушево | Tourism Development Strategy of Municipality of Krushevo 2020-2025 |
| 2 | Општина Крушево | An integrated plan for local development of the municipality of Krushevo, 2019-2022 |
| 3 | Центар за развој на Пелагониски регион | Program for development of Pelagonija region 2021 -2026 |
| 4 | Центар за развој на Пелагониски регион | Study for the development of Pelagonija as a destination for adventure tourism “Pelagonija - Shaped for adventure” |
| 5 | Биро за регионален развој на Република Северна Македонија | National strategy for regional development 2021-2031 |
| 6 | Министерство за економија на Република Северна Македонија, сектор Туризам | Национална стратегија за туризам на Република Македонија, 2016-2021 |
| 7 | Министерство за економија на Република Северна Македонија, сектор Туризам<br>Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија, сектор Туризам | Национална стратегија за рурален туризам 2012-2017 |
| 8 | ЛРЦП | Туристички развојни планови за десет дестинации во Северна Македонија<br>Том– Методологија, позадина и анализа на пазарот, 2016 година |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | ЛРЦП | Tourism Development Plans For Ten Destinations Across North Macedonia<br><br>Том II – Планови за развој на дестинации ноември 2016 година |
| 10 | ЛРЦП | Развоен план бр.3 Дестинација Пелагонија, 2017 година |
| 11 | Министерство за локална самоуправа, Република Северна Македонија | ИПА ЦБЦ Програма Република Северна Македонија - Република Албанија 2014-2020<br><br>ИПА III ЦБЦ 2021-2027 Програмирање помеѓу Северна Македонија и Албанија |
| 12 | Општина Елбасан | Стратегија за развој на територијата на Општина Елбасан |
| 13 | Општина Елбасан | Стратешки развоен план на градот Елбасан 2010 - 2020 |
| 14 | Совет на министри на Република Албанија | Национална стратегија за развој и интеграција (NSDI II) 2015-2020 |
| 15 | Министерство за туризам, Албанија | Стратегија за развој на туризмот во Албанија (2019-2023) |
| 16 | Министерство за туризам, Албанија | Инетгрирана програма за рурален развој (IPRD) – Програма за 100 села |
| 17 | Министерство за економија на Република Северна Македонија, сектор Туризам<br><br>Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија | Закон за туризам |
| 18 | Министерство за туризам, Албанија | Закон за туризам |
| 19 | Секретаријат на инвестициски совет, Албанија | Правна и институционална рамка за туризам, Албанија 2018 |
| 20 | „Надвор од границите – Воведување паметен туризам и економија на споделување“, проект финансиран од ЕУ | Студија на природното и културното наследство на регионот на прекугранична соработка |
| 21 | | Студија за одржлив туризам во прекуграничен регион |
| 22 | „Надвор од границите – Воведување паметен туризам и економија на споделување“, проект финансиран од ЕУ | Студија за достапни ресурси<br><br>Туристички услуги и туристички потенцијал во прекуграничниот регион |

Крушево е единствена туристичка дестинација бидејќи поседува неверојатен сет од сите пет туристички елементи: пристап, сместување, атракции, активности и удобности (детално елабориран во дел III: Анализа на ситуацијата). Како што се наведува во тековната Стртегија за развој на туризмот на Општина Крушево (2022-2025 година), „Општина Крушево изјавува дека станува еден од најпосетуваните туристички центри, како во Северна Македонија, така и пошироко на Балканот и Европа. Затоа оваа Општина беше вклучена во низа проекти од областа на туризмот, а крајната цел е развој на авантуристички туризам со кој градот може да прерасне во дестинација посетена во текот на целата година“. За Крушево да ја постигне оваа цел, локалната самоуправа презеде партиципативен процес за утврдување на потенцијалите и поставување конкретни акции и чекори за развој на дестинацијата, работејќи заеднички со приватниот и граѓанскиот сектор.

Понатаму, Крушево е препознаена „тешка авантуристичка дестинација“ (Крушево, Прилеп и околните места), со доволно пазарни докази за меѓународната конкурентност на условите и инфраструктурата за параглајдерство. Според деталната анализа во рамки на под - проектот на ЛРЦП финансиран од ЕУ и имплементиран од Светска банка, „растот во овој сегмент, како и диверзификацијата на понудата за напорна авантура со други активности како што се качување по карпи, болдеринг и други, има многу силен потенцијал за создавање нови деловни можности и нови висококвалификувани работни места“ (Планови за развој на туризмот за десет дестинации низ Северна Македонија Том II – Планови за развој на дестинации, ноември 2016). Горенаведената анализа заклучува дека Крушево стратешки треба да се фокусира на паралелно развивање дополнителни понуди кои не се директно поврзани со основната “тешка авантуристичка активност“. Дестинацијата, исто така, може да ја зголеми својата привлечност со активности поврзани со културното наследство, како и меки авантуристички активности кои вклучуваат локални искуства и повисоката интеракција со локалното население, и ја прикажуваат автентичноста

на градот, со што се опфаќаат трите аспекти на авантуристичките патувања според дефиницијата на АТТА (физичка активност, природна средина и запознавање со културното наследство).

Националната стратегија за развој на туризмот во Северна Македонија наведува дека најголем пазар за земјата како дестинација се домашните посетители, кои сочинуваат повеќе од 50% од посетите со просечна должина на престој од 5+ дена. Овие бројки допрва треба да се ревидираат во светлината на последиците од пандемијата со КОВИД-19, бидејќи преференциите за патување согласно податоците се префрлија на повеќе патувања на отворено, во природа, и „зелени дестинации". Крушево го нуди сето горенаведено, надополнувајќи се со врвни авантуристички активности и воведување на тематски активности за целото семејство, како што е новоотворениот Авантуристички Парк кај месноста Станич, и 40+ километри обележани велосипедски патеки, обезбедувајќи повеќесезонска авантуристичка понуда (објаснето во делот III.5 АКТИВНОСТИ). Националната стратегијата за развој на туризмот сугерира конкретни чекори за промоција на дестинацијата, земјата како целина, вклучително и формирање на регионални DMO (организации за управување со дестинации), одговорни за развој на локалната дестинација заедно со континуирано градење на капацитети на туристичките провајдери и организациите на ниво на политики. Трансферот на знаење е нагласен како клучен предуслов за понатамошен развој на дестинацијата.

Програмата за развој на Пелагонискиот регион 2021-2026 укажува дека постои разновидно, многу богато културно-историско наследство, од кои археолошкиот локалитет Хераклеја, градската архитектура на Битола и традиционалната архитектура на Крушево, како и бројните цркви, манастири, музеи, урбани и рурални меморијални единици и други бројни природни локалитети, претставувајќи огромен потенцијал за развој на различни видови туризам (езерски, планински религиски, рурален итн.) и подобрување на економијата во регионот.

Делот од странски туристи што паѓа на Пелагонискиот регион изнесува 3-4% од целокупниот број на ноќевања во Северна Македонија земајќи ги во предвид првите шест месеци од 2022 година. Тоа ги докажува светските трендови на намалување на појдовните патувања бидејќи Пелагонија забележала до 7% странски пристигнувања до 2019 година. На пример, во јуни 2022 година, Северна Македонија броела 115 351 ноќевања од странски посетители, додека Пелагонија скромни 4366.

**Табела 4: број на ноќевања од странски туристи во Пелагонискиот регион, Северна Македонија**

| 2022M01 | 2022M02 | 2022M03 | 2022M04 | 2022M05 | 2022M06 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 301 | 1 298 | 2 158 | 2 033 | 4 082 | 4 366 |

*Извор: База на податоци на МАКСТАТ, август 2022 година*

Албанија е ценета од многу меѓународни туристички оператори и посетители поради нејзината прекрасна природа и пејзажи. Природните и руралните области во Албанија нудат можности за развој на рурален туризам, планински туризам, екотуризам и активности на отворено (рафтинг, параглајдерство, летање, планински велосипедизам, риболов, планинарење, јавање коњи, студиски патувања итн.).

Развојот на планинскиот туризам резултираше со стабилизирање на значителен број планински тури организирани во Тет, Вермош-Лепуша, Валбона и Тропоја, во „албанските Алпи", областа Дибер и Булќиза, во планинската области околу Тирана, Елбасан и Либражд, планинската област Корча, планините Томор, Љогара и Карабурун и планинскиот регион на Ѓирокастро и Пермет. Од друга страна, во категоријата планински туризам се додава и туризмот во еколошки заштитените подрачја. Оваа категорија вклучува неколку форми на туризам, како што се агро-туризам, конференциски и деловен туризам, културен туризам (културно – историско наследство, религиски туризам, итн.), ено-гастрономски туризам и здравствен туризам (бањски). Од различните студии спроведени со посетителите и туристичката индустрија од странските пазари, произлегува дека археологијата, наследството и културата се идентификувани како силни страни на Албанија, иако тие не се главната цел на посетите. Главните дестинации што ги посетуваат туристите организирани во културни тури се Скадар, Лежа, Круја, Драч, Тирана, Фиер, Берат, Елбасан, Корча, Пермет, Ѓирокастро, Саранда и Валона.

Со цел да го поттикне руралниот развој, албанската влада спроведе амбициозен проект наречен „100 села", кој позитивно влијаеше на развојот на туризмот во овие региони. Овој проект имаше за цел

да ги координира развојните напори во руралните простори на 100 села во Албанија, оставајќи зад себе делумни интервенции и тесно фокусирани секторски пристапи. Главни цели беа подобрување на јавната инфраструктура, диверзификација на економските активности (вклучувајќи подобрување на туристичкиот потенцијал во руралните области) и развој на социјалниот и човечкиот капитал. Две села од Општина Елбасан, имено Шушице и Ѓинар, беа дел од овој проект. Иако постои генерално позитивно мислење за влијанието што овој проект го имаше врз развојот на руралниот туризам во две квалификувани села од Елбасан, нема официјални податоци за да го поддржат тоа. Не постои база на податоци што ги вклучува сите заинтересирани чинители на овој проект, а влијанието на инвестициите не е мерено (списанието „Монитор“ за извештајот на албанската Врховна ревизорска институција за проектот „100 села“).

Општинската администрација на Елбасан е главниот актер кој ги координира и подготвува туристичките политики на локално ниво, во согласност со Националната стратегија за одржлив развој на туризмот. Има напори да се промовира Елбасан како туристичка дестинација, докажувајќи ги неговите главни атракции и организирајќи неколку настани и фестивали во текот на годината. Во Општината нема наменски директорат за туризам, постои „Директориум за политика во културното наследство, туризмот, Уметност и спорт“, кој ги вклучува активностите за развој на туризмот. Задачата за промовирање туристички активности, за зголемување на бројот на посетители и дизајнирање и имплементирање на политики за развој на туризмот е доделена на друг директориум, имено „Генерален директориум за социјални и стратешки политики, услуги на заедницата и иновации“.

Според Стратегијата за развој на територијата на Општина Елбасан, Елбасан има добар потенцијал за развој на еколошки, природен, агро, здравствен, планински и културено - историски туризам. Некои од проектите што се планираат да се подготват се (i) комплетна карта со историските добра на Општина Елбасан; (ii) идентификација на потребите за ресторативни интервенции во историските добра и дизајнирање на соодветни технички проекти; (iii) подобрување на патната инфраструктура за главните туристички дестинации во Општина Елбасан.

Општина Елбасан ја промовираше и ја поддржа секоја активност поврзана со туризмот, особено оние поврзани со одредени дестинации, како традиционалните фестивали организирани во Фунар, Бишек и Ѓинар.



# III. АНАЛИЗА НА СИТУАЦИЈА

## III.1 КЛУЧЕН ОТПЕЧАТОК НА ДЕСТИНАЦИЈАТА

Крушево е највисоката населена населба на Балканот, сместена на надморска височина од 1.350 м.н.в со поглед на Пелагониската котлина од една страна и планинската област Демир Хисар од југозапад. Крушево е умерено блиску до поголемите градови во регионот, 32 километри западно од Прилеп и 52,5 километри северно од Битола. Се наоѓа во југозападниот дел на државата во Пелагонискиот регион, со 8.385 жители на територијата на општината. Поради неговиот мултикултурен состав, во Крушево официјални се два јазика: македонскиот и ароманскиот, што го зборуваат 20+ проценти од жителите на Крушево, Влашко етничкото население.

Крушево и неговата околина, како дестинацијата, има богато портфолио од ресурси, засновани на разновидна и добро зачувана природа и препознатливо материјално и нематеријално културно наследство. Главните атракции во областа ги вклучуваат природните и изградените атракции како што се споменикот Македониум (меморијал Илинден), Спомен-куќата на Тоше Проески, полетувалиштето за параглајдинг и летање, места за болдеринг и качување по карпи, автентична и добро зачувана архитектура, Авантуристички парк, падини за зимско скијање, велосипедски патеки, патеки за пешачење и трекинг, локална кујна, како и специфична глетка поради неговата единствена локација. Најпознати фактори на привлечноста на Крушево се зачуваната и чиста природа, авантуристичката активност на параглајдерството и неговата единствена улога во историјата на македонскиот народ. Во Крушево е основана првата република на Балканот - Крушевската Република во 1903 година (за време на Илинденското востание против Отоманската империја).

Освен како викенд дестинации за домашните посетители кои уживаат во чист воздух и посвежи лета поради повисоката позиција на Крушево, поради понудата на лесни и тешки адреналински активности на отворено, многу компании ја посетуваат дестинацијата за тим-билдинг активности. Општината, во тесна соработка со приватниот сектор и заедницата на странски донатори во изминатите четири години, разви 40+ км велосипедски патеки кои на туристите им ги откриваат крушевските шуми. Изградбата на Авантуристички и Адреналински парк погоден за семејства и групи, како приватната инвестиција го следеше стратешкиот пристап на развој, Крушево да стане авантуристичка дестинација и придонесе за севкупната привлечност на дестинацијата.





Владата и приватните инвеститори направија бројни различни инвестиции за повторно да го воведат Крушево како зимска дестинација и да понудат скијачки патеки за почетни до умерени нивоа, капитализирајќи ја поволната клима што ја има Крушево и можноста да гарантира скијање секоја сезона.

Во изминатите 5+ години синоним за Крушево е параглајдерство. Без разлика дали ја знаете дестинацијата поради личните професионални ангажмани во параглајдерство или само на ниво на свесност за дестинацијата за параглајдерство, Крушево стана врвна локација за параглајдерство. Имено, десетина купови и првенства се организираат и одржуваат со параглајдеристи од целиот свет, ставајќи го Крушево во врвните локации на светско ниво, за оваа напорна авантура. Во однос на туризмот, параглајдерство стана најатрактивниот туристички производ на дестинацијата бидејќи параглајдерските клубови се преориентираа од страст кон бизнис и сега нудат тандем параглајдерски летови за сите видови посетители.

Градот Елбасан се наоѓа во Елбасанското поле, на височина од 120 метри надморска висина. Градот е опкружен со маслинови градини и го граничат реката Шкумбин и потоците Зараника и Маназдере.

Градот зафаќа околу 793 хектари и е на околу 57 километри од аеродромот „Мајка Тереза" во Тирана, 76 километри од пристаништето Драч, 61 километр од граничната точка Ќафе Тане со Република Северна Македонија и 148 километри од граничната точка Капштице со Грција. Елбасан има многу поволна географска локација, што ја олеснува економската размена со другите региони во Албанија и соседните земји.

Надморската висина на градот се намалува од север кон југ за околу 35 метри. Елбасан е дел од медитеранската ридска зона, а разновидноста на неговите релјефни форми и неговото ширење север-југ придонесуваат за режимот на климатските елементи. Просечната температура варира од 6,7 °C во јануари до 23,4 °C во јули. Ветерот е карактеристичен климатски елемент на Елбасан, со просечна брзина од 1,2 м/секунда во текот на летото до 2,4 метри/секунда во зима. Просечните годишни врнежи изнесуваат 1148 мм, при што околу 66% од нив паѓаат во втората половина од годината. Снежните врнежи се ретка појава во Елбасан и во просек не траат повеќе од 1 до 2 дена годишно.

Општина Елбасан го опфаќа градот Елбасан, кој има шест административни региони (означени од 1 до 6) и 12 административни единици (т.е. рурални региони): Брадашеш, Грацен, Ѓинар, Завалине, Шушице, Ширѓан, Папер, Ѓерѓан, Лабинот-Фуше, Лабинот -Мал, Треган и Фунар.

Според податоците на Општина Елбасан за 2020 година, нејзиното вкупно население е 214.361: 61,5% или 131.749, живеат во 6 административни региони на градот Елбасан, а 38,5% или 82.612 живеат во 12 административни единици на Општина Елбасан.

Областа Елбасан веќе е идентификувана како важна туристичка дестинација благодарение на разновидните туристички вредности распространети низ целиот регион. Околу 100 знаменитости на историско-културно наследство, околу 80 природни споменици, 37 видови народни носии и разновиден фолклор, со органски замјоделски производи кои се најбарани во денешно време, со типичната кујна од регионот и особено со традиционалното гостопримство, претставуваат туристичка дестинација за локални и странски посетители, кои влијаат на развојот на овој сектор од регионално и национално значење.

Разновидноста на историски, културни, археолошки, природни и планински вредности го прави спектарот на видови туризам во регионот Елбасан многу широк.

Во однос на квалитетот, искуствата – атракциите – производите - услугите понудени во тематската дестинација се со варијантен квалитет според анализата на моменталната состојба по теренското истражување со локалните засегнати страни поврзани со туризмот. Конкретно, оценувањето на нивото на квалитет според 5-те А: пристап, сместување, атракции, активности и удобности на дестинацијата, не може да се израмни на заедничко обележување бидејќи и двете области се разликуваат доста опширно кога станува збор за елементите на дестинацијата.

Конкретно, Крушево се мери како умерено прифатлива дестинација, со автентично сместување, уникатни атракции, нови активности и современи удобности, додека Елбасан исто така е лесно достапно, со модерно наместо автентично сместување, типични основни активни и авантуристички активности, и современи удобности.

Подолу, овие пет елементи на една дестинација се анализирани одделно, нудејќи ја состојбата во тековниот процес на развој на туризмот во тематската дестинација Крушево и Елбасан.

## III.2 КЛУЧНА ИНФРАСТРУКТУРА/ПРИСТАП

**Табела 5: точки за пристап до дестинацијата**

| | Производ/сервис | Зошто е клучна? | Опис |
|---|---|---|---|
| 1 | Меѓународен аеродром во Скопје, Северна Македонија. | Обезбедува +12 летови дневно од повеќе од десет различни авиокомпании. | Примарна порта за меѓународни пристигнувања за влез во Северна Македонија, +2.300.000 патници во 2019 година. |
| 2 | Меѓународен аеродром во Охрид, Св. Павле, Северна Македонија. | Обезбедува +5 летови дневно. | Влезна точка за меѓународни патници во крајбрежните градови на Охридско и Преспанско Езеро во Северна Македонија, + 317.000 патници во 2019 година, и од висока важност за пристигнувањата во северните делови на Албанија, поради близината до двата гранични премини помеѓу Албанија и Северна Македонија. |
| 3 | Меѓународен аеродром во Тирана, Мајка Тереза, Албанија. | Обезбедува +15 летови дневно. | Тоа е единствениот аеродром во Албанија и 8-ми најпрометен на Балканот, обезбедувајќи авионски патувања за повеќе од + 3.350.000 патници во 2019 година<br>Порта за сите меѓународни туристи кои ја посетуваат дестинацијата. |
| 4 | Автопат Скопје - Кичево E65-R1306 Крушево. | Примарна рута на избор при патување од главниот град Скопје до областа Крушево. | Важен е и за домашни и за меѓународни посетители. Го поврзува аеродромот во Скопје со Крушево, а исто така и главниот град Скопје (+600.000 жители) со Крушево. |
| 5 | Автопат Скопје -Велес E75-A1; A3; R1001; R1306 –Крушево. | Втора рута по избор за пристигнување во Крушевско, особено ако посетата е дел од посетата на други центри во Пелагонискиот регион како Битола или Прилеп. | Го поврзува главниот град Скопје и централните градови на Северна Македонија, Велес, Прилеп и Битола со дестинацијата Крушево. |
| 6 | Елбасан - Струга – Охрид – Крушево. | Кружна рута, исто така и влезна точка од Албанија / премин Ќафасан, кон Северна Македонија. | Важна и за домашни и за меѓународни патници, бидејќи ги поврзува Крушево и Елбасан со аеродромот Св. Павле и крајбрежните градови Охрид и Струга со Крушево и Елбасан. Тоа е и пат кој ја поврзува дестинацијата преку граничниот премин меѓу Северна Македонија -Албанија (Ќафасан)<br>Исто така, најкратко можно возење од Крушево до Елбасан и обратно, со четири часа возење од 200 км. |
| 7 | Тирана – Елбасан – Струга – Крушево. | Кружна рута, исто така и влезна точка од Албанија / премин Ќафасан, кон Северна Македонија. | Една од главните патни врски помеѓу Елбасан и Крушево, кој обезбедува пристап до дестинацијата за меѓународни и домашни патници, поради аеродромот во Тирана. Тоа е подолга опција во часови на возење од Албанија до Северна Македонија и обратно, +6 часа. |

Аеродромската инфраструктура во двата аеродроми, е нова и добро одржувана, со зголемен број на авионски операции и дестинации од - до, секоја година. Исто така, двата аеродроми работат со ниско-тарифни авиокомпании, за да обезбедат лесен и достапен пристап до дестинацијата.

Меѓународниот аеродром ТАВ Скопје и Св. Павле во Охрид во Северна Македонија, кои ги опслужуваат клучните дестинации ги вклучуваат сите поголеми градови во рамките на ЕУ, Турција и Блискиот Исток. Како што е претставено подолу на слика 1 сите тие се поврзани со директни авионски летови.

Покрај меѓународниот аеродром Мајка Тереза во Тирана, Албанија има отворно и втор аеродром во Кук'с, во северниот дел на земјата, во близина на границата со Косово. Локацијата на новиот аеродром ќе ги опслужува некрајбрежните градови и копното на Албанија, и е на помалку поволно растојание до Елбасан и Крушево. Затоа, аеродромот во Кук'с не се смета за клучна точка за пристап до дестинацијата.

**Слика 1: директни летови од-до меѓународните аеродроми во Скопје (лево) и Тирана, Албанија (подолу) и Охрид (последни на дното), Северна Македонија**




Во однос на патната инфраструктура, освен автопатите, патната инфраструктура се класифицира како ниво на регионални или локални патишта (ве молиме видете го обележувањето на патиштата претставени во слика 2 каде префиксот Е стои за автопат, R за ограничени и други национални марки кои се локална инфраструктура).

Во тој поглед, одржувањето и квалитетот на патиштата од - до Крушево и Елбасан се со умерен квалитет. Делови од патот кои го носат знакот на автопат се со поквалитетен квалитет, според обврската на националните јавни институции за патна инфраструктура за одржување на патиштата до одредено ниво на квалитет.

**Слика 2: патни врски до централните точки на дестинацијата Крушево-Елбасан**



Имено, домашните и меѓународните пристигнувања од аеродромот во Тирана или копното на Албанија и Скопје, ќе уживаат во висококвалитетен пристап до патиштата, на ниво на автопат до Елбасан во Албанија, односно Градско-Охрид во Северна Македонија. Влегувајќи во Северна Македонија кон Струга или влегувајќи во Албанија кон Елбасан на граничниот премин кај Ќафасан, патниците ќе го продолжат патувањето преку регионалните патишта со умерен квалитет.

**Слика (лево) 3: можна патна мрежа за кружно патување, која ги поврзува Крушево и Елбасан како дел од поголемо балканско патување**




Во врска со кружното патување, посетата на двете централни точки на дестинацијата преку иста влезна/крајна точка на патувањето, Скопје или Тирана, па дури и Охрид, за меѓународни туристи или посетители од главните градови на Европските држави, туристите можат да уживааат балканска турнеја со конзистентниот туристички пакет за авантуристичко патување.

Достапноста до дестинацијата, е многу важна предност, со можноста да се премине границата помеѓу двете земји преку две различни точки и да се посетат три земји по пат, вклучувајќи го и Косово. Со тоа се проширува територијата што се посетувапопатотпомеѓудветецентрални точки на дестинацијата и додава вредност на патувањето, обезбедувајќи му на туристот истражување на двете земји како целина, наместо само на централните точки. Истовремено, попатното разгледување е во согласност со сликата на дестинацијата во поглед на природа, зеленило и синило, т.е. планините и езерата.

Во Крушево, нема организиран локален превоз. Сместувачките капацитети лесно можат да организираат транспорт, бидејќи постојат многу приватни транспортни услуги и се лесно достапни. Повеќето се рекламираат на местата за сместување, достапни се телефонски или онлајн. Цената на локалниот транспорт е многу ниска.

## III.3 СМЕСТУВАЊЕ

Умерено портфолио за сместување го карактеризира Крушево со два поголеми хотели, Монтана и Панорама СПС, како и новопроширената Вила Гора како и многу мали објекти за ноќевање со појадок во семејна сопственост (значителен дел од нив се неформални и не може да се резервира онлајн) со вкупно 1 250 легла што варира во нивото на квалитет. Разноликоста на сместувачките капацитети е голема предност, бидејќи овозможува дестинација за различни видови туризам по преференции на гостинот, вклучувајќи службени патувања, одмори и слободно време, како и културни и авантуристички патувања.

**Табела 6: достапност на легла, Крушево**

| Хотели/Сместувачки капацитети | Број на легла |
|---|---|
| Хотел Монтана | 220 |
| Хотел Панорама СПА | 70 |
| Хотел Илинден – во реконструкција | 150 |
| Детско одморалиште Бегова Корија (Шула Мина) | 150 |
| Приватни сместувачки капацитети | 580 |
| Манастирски конаци | 80 |
| Вкупно на дестинацијата | **1 250** |

Теренското истражување ги даде горенаведените бројки за сместување, со забелешка дека приватните сместувачки капацитети постојано растат во големина следејќи ја побарувачката на туристичкиот пазар. Сепак, многу од домовите за сместување остануваат нерегистрирани во Општината, така да во табелата е претставен проценет број на вкупните легла достапни во Крушево.

Во однос на стилот, може да се најдат сите видови сместувања, од традиционални до модерни, со севкупна естетика која преовладува во автентичната архитектура на Крушево. Истиот стил е преточен во современата архитектура на двата главни хотели во Крушево, Монтана и Панорама. И двата типа на сместување, соби и апартмани се нудат за да се обезбеди индивидуално и групно сместување по објект. Со порастот на онлајн платформите за резервација на сместување Booking.com и Airbnb.com, се овозможи онлајн продажба на сместување, со континуирано присуство на преку 20 објекти понудени преку онлајн порталите, (слика 3 подолу). Просечно, цената за сместување, т.е. ноќевање со доручек по лице варира од 11 евра во приватни вили и апартмани до 70 евра за еднокреветна соба во Хотел Панорама и СПА.




**Слика 4: Присуство на Airbnb на сместувачките капацитети во Крушево**

Елбасан има долга традиција на обезбедување угостителски услуги поради неговата специфична централна позиција во Албанија, и е дел од неколку национални и меѓународни туристички рути. Неколку типови на сместувачки капацитети нудат вакви услуги, иако нивниот број е незавиден. Така, според официјалните податоци на Општина Елбасан (2019 година), во Елбасан има 70 бизниси кои нудат услуги за сместување. Триесет и девет од нив, или 56%, се хотели лоцирани во административната единица Треган, каде се наоѓаат надалеку познатите извори на термална вода. Овие хотели опслужуваат претежно повозрасни лица кои доаѓаат за терапевтски цели и не се претпочитани од други видови туристи (поради мирисот на сулфур диоксид поврзан со геотермалната активност). Другите хотели, лоцирани главно во градот Елбасан и околината, нудат само услуги за сместување и кафе-бар. Само неколку од нив обезбедуваат и ресторански или услуги поврзани со подготовка на храна.

Што се однесува до блиските населени места, услуги за сместување има во Ѓинар (11), Ширѓан (1), Лабинот (4), Ќерет (1) и Фунар (1).

При пребарување на интернет порталите кои нудат услуги на сместување, се гледа присуство на неколку бизниси кои нудат услуги за сместување. Така, во регионот на Елбасан се наведени овие видови сместувачки услуги: 14 апартмани, 12 хотели, пет куќи за гости, четири викендици, две вили, еден хостел и едно ноќевање со појадок.

Еве список на сместувачки капацитети во Општина Елбасан (не вклучувајќи ги оние во Лиџе и Треган, кои главно се користат за бањско лекување).

**Табела 7: достапност на сместување во Елбасан**

| Хотели/Сместувачки капацитети | Број на легла |
|---|---|
| Хотел Универс | 60 |
| Хител Империал | 100 |
| Хотел Гранд | 30 |
| Хотел Балкан | 50 |
| Вила Империал | 20 |
| Хотел Монарх | 20 |
| Хотел Гури | 30 |
| Реал Скампис Хотел | 20 |
| Хотел Ле Оливе | 30 |
| Крива Ресорт | 110 |
| Хотел Коломбо | 40 |
| Приватни сместувачки капацитети | 300 |
| Делиу приватно сместување (Фунар) | 8 |
| Приватни сместувачки капацитети (Фунар) | 15 |
| Тре Бујтинат (Ѓинар) | 20 |
| Седум (7) гостински куќи (Ѓинар) | 75 |
| Четири (4) мали хотели (Ѓинар) | 50 |
| Приватни сместувачки капацитети (Ѓинар) | 20 |
| Вкупно на дестинацијата Елбасан | **998** |

Како што е претставено погоре, двете локални дестинации можат истовремено да сместат до 2250 гости, од различни типови и нивоа на квалитетни сместувачки капацитети.

## III.4 АТРАКЦИИ

Највлијателните фактори на привлекување во врска со авантуристичките патувања се атракциите и активностите на дестинацијата. Бидејќи дестинацијата Крушево - Елбасан е поврзана со темата на активни и авантуристички туристички атракции кои ги мотивираат туристите да ги посетат локалните дестинации што се состојат од природни и неприродни карактеристики или настани на територијата на двете општини, или истовремено во двата региона.

Уникатноста на Крушево е мешавина од фактори на привлечност, која опфаќа уникатен сет на различни атракции, од културни до авантуристички. Не е толку често една дестинација како што е Крушево, која може да понуди различни видови туристички активности во текот на целата година. За среќа, уникатната положба на Крушево, во природна и културно – историска смисла, обезбедува понуда на различни атракции за дестинацијата. Подолу се претставени врвните Крушевски атракции, природни или изградени.



**„Илинден"** или **Македониум** – споменички комплекс во Крушево. Тој е составен од повеќе делови, но највпечатлива е белата купола, која е вечното почивалиште на Никола Карев, претседателот на Крушевската Република.

Споменикот Илинден се протега на 12 хектари и формата започнува со раскинати пранги, продолжува преку криптата и колоритно – мозаичната керамопластична сцена, па завршува со купола извишена на 1.320 метри надморска височина, од каде се протега инзвореден поглед кон градот Крушево. Внатрешноста на куполата импресионира со своите релјефи, витражи со вечен пламен и звуците на ораториумот „Сонце на прастарата земја.“ Споменикот ја означува непокорноста, борбата и вечната стремеж на Македонскиот народ за слобода и самостојна држава.



**Десет дена „Крушевска Република“** – Традиционално, настанот се организира во август, и започнува со читање на Крушевскиот манифест како дел од одбележувањето на Илинденското востание. За време на настанот, целиот град целосно се менува во духот на 1903 година. Манифестацијата започнува со свечениот пречек на јавачите кои традиционално пристигнуваат во Крушево пред најголемиот македонски празник Илинден, во чест на паднатите борци, кои се бореле за независна Република Македонија. Манифестацијата вклучува свеченост на изнесување и кревање на знамето на столбот на Крушевската Република, културно-уметничка програма, огномет и импровизација на гаѓање од црешовиот топ.



**Спомен-куќата на Тодор Проески** (лево) - Постхумно изграден во чест на големата музичка ѕвезда, центарот кој зборува за животот и делото на уметникот е една од главните атракции на градот.



**Леарница за куршуми** (десно) - Леарницата е музеј во спомен на Илинденското востание. Тоа е првобитното место каде се правеле куршумите за востаниците за време на Илинденското востание.



**Параглајдерско полетиште** - Во непосредна близина на месноста Мечкин Камен е изградено едно од најпознатите места на Балканот за полетување со параглајдер. Во Крушево и Прилеп има клубови и инструктори за параглајдинг, со кои можете да организирате тандем лет над Пелагониската котлина.



**Крушевско Езеро** - наречено и Гумење, е вештачка акумулација во близина на градот Крушево, од кое истекува Крушево-Норовската Река. Езерото претставува прекрасна локација за рекреација, риболов или едноставно уживање во природата, надополнувајќи го туристичкиот потенцијал на градот. Околината на езерото се користи за активности на отворено, трчање или прошетка околу езерото. Тоа е многу тивко место опкружено со борови дрвја. На езерото, во чест на Тоше Проески од 2018 година наваму, традиционално се организира пливачки маратон.



**Мечкин Камен** - На неколку километри оддалеченост од градот, патот води .до ово локалитет каде се воделе жестоки борби за време на Илинденското востание. На Мечкин Камен поставен е споменик на војводата Питу Гули, каде е испишан слоганот „слобода или смрт".



**Манастир „Св. Преображение"** - Манастирот е изграден по лична иницијатива и учество на една од најголемите музички ѕвезди на Балканот, Тоше Проески, кој често престојувал во манастирските конаци пред неговата смрт. Од местополжбата на манастирскиот комплекс се пружа панорамаска глетка на околината.



**Галерија на Никола Мартиноски** - Љубителите на уметноста ќе најдат вистински одмор меѓу делата на современиот македонски сликар Никола Мартиновски во галеријата лоцирана во една од крушевските куќи со автентичен стил.



**Зимски спортови** - ски центарот Крушево е едно од најпопуларните места за скијање и, генерално, за зимски туризам во Северна Македонија. Дел од ски центарот е местото викано Станич каде што се наоѓаат неколку скијачки патеки за аматери заедно со два ски лифта. Специфично е што жицницата започнува од центарот на градот Крушево.



**Авантуристички парк** – авантуристички парк погоден за деца и возрасни, кој нуди три нивоа на тежина при качување и одење по јажиња меѓу дрвјата, зип-линии и болдеринг карпи.



**Стара Крушевска чаршија** – се наоѓа во центарот на градот, каде се разместени традиционални продавници, ресторани и куќи со автентична архитектура. Тесните улички нудат време за релаксација, пиење шолја кафе или разгледување на културните знаменитости.



**Фестивал на отворено „Кога си во Крушево“** - Целта на фестивалот е да ги промовира убавините на Крушево и неговата околина, можностите за адреналински спортови и потенцијалот на Крушевското Езеро. Летното издание на фестивалот се одржува на почетокот на месец август. Нуди разновидни содржини, како планинарење, трчање, адреналински поглед од тандем параглајдинг, незаборавни возења низ Крушевската природа, забава и други настани. Фестивалот има и зимско издание „Кога си во Крушево – зимата е тука“, кое се одржува на почетокот на февруари. Зимското издание на фестивалот нуди и интересни содржини како фото-тура, рекреативна пешачка тура, зимски тандем параглајдинг, зимско јавање на коњи, дегустација на вкусни крушевски специјалитети и незаборавна забава.





**Крушевска староградска архитектура** - Куќите се самостојни, главно симетрични, без отворени простори карактеристични за другите македонски градови. Задниот дел на куќите е изграден од камен, додека предниот дел на таканаречениот бондрук е конструкција од дрвени столбови и греди обложени со бел малтер. Речиси секогаш има бунар за вода на приземје. На главната фасада, обично, има обоени украси во сина боја. Сината боја традиционално се користи и за прозорските рамки и други детали од фасадите. Малиот балкон на горниот кат обично има триаголен фронтон над него за да се нагласи симетријата на куќата.





**Крушевската традиционална кујна** сѐ уште е уникатна и оригинална, спротиставувајќи се на влијанијата на модерното време. Најпознатиот крушевски традиционален рецепт е чомлек. Станува збор за „тава“со телешко месо збогатено со пиперки, кромид, сини сливи, вино и зачини.

**Локум (десно)** - Овај десерт со генерации се подготвува во овој град и има врвен квалитет. Крушевчани, рецептот го чуваат и пренесуваат во наследство. Локумот што потекнува од Крушево е локална привилегија и не може да се најде на друго место, барем според локални приказни.



**Пуслици/Целувки (лево)** - Десерт направен од белки и шеќер, традиционален, крцкав, бел и вкусен.

Елбасан изобилува со различни ресурси за развој на туризмот поради неговата поволна локација, клима и многу локации со историски, културни и природни знаменитости.

Во регионот на Елбасан има над 70 споменици на природата, заштитени поради нивната научна, историска и туристичка вредност. Заедничка карактеристика се нивните уникатни примероци во земјата и пошироко.

**Тврдината Елбасан** – Тврдината Елбасан веднаш привлекува внимание штом ќе се стигне до центарот на градот. Има правоаголна форма, 308 x348 метри. Тврдината е опкружена со ров длабок 4 метри, а со вода се снабдува од потокот Зараника. Има четири порти, оддалечени една од друга 40 до 50 метри и 26 заштитни кули.

Римскиот дел од ѕидовите се наоѓа до 5 метри над темелите, со широчина од 3 метри. Ѕидовите имале бедеми кои се користеле за надзор и одбрана. Околните надворешни ѕидови прикажуваат три главни периоди низ кои поминала оваа тврдина: римски, рановизантиски и отомански период. Оваа тврдина е еден од најинтересните на Балканот, тесно поврзана со римскиот пат Виа Игнација.



**Саат-кулата** е изградена над една од кулите на тврдината, доминирајќи на главниот градски плоштад во Елбасан. На саат-кулата имало неколку реконструкции, а последната датира од 1899 година. Има квадратна основа од 4,3 x 4,3 метри. На сводот на јужната порта од тврдината поставена е мермерна плоча која ја опишува историјата на саат-кулата: „Под покровителство на кралот на светот (султанот) Абдул Хамид Дарежливиот, е изградена оваа грациозна саат-кула. Достоинствените луѓе од Елбасан ја имаа

милоста да го оживеат овој часовник кој го радува срцето. Аќиф бег покажал особена грижа и интерес. Бог да му го даде најдоброто од овој свет, бидејќи со својот звук го кажува точното време. Изградена е на почетокот на 1315 година (1899)".



**Чинар** - Овој природен ресурс се наоѓа во центарот на градот и со векови служел како центар на збиднувањата. Чинарот има цврсто стебло и типична крошна. Веднаш до него се наоѓа голем археолошки локалитет, палео-христијанската базилика, откриени мозаици со прекрасни бои и ликовна уметност.

**Базилика Безистан** - Блиску до историскиот вековен безистански чинар, се наоѓа античка базилика која датира од V век. Во базиликата има монументална гробница, покриена со мозаик, сместена на околу 30 метри од ѕидините на базиликата. Базиликата има археолошки и уметнички вредности, како што се мозаикот и бројните фрески. Тие се ремек-дело на ликовната уметност, и ја отсликува идејата за вечноста. Фигурите од мозаикот се одликуваат со цветни, животински и птичји мотиви, израз на високо мајсторство за времето кога е создаден. Мозаикот е доказ за големото археолошко наследство, сведок за напреден економски и културен развој на Елбасан во византискиот период, од кога датира базиликата Безистан.



**Кралска џамија** - Оваа џамија се наоѓа во внатрешноста на тврдината Елбасан. Како што се претпоставува од називот, таа е една од неколкуте џамии изградени кон крајот на XV век од султанот Бајазит II на освоените територии во Албанија, во тоа време. Типичниот покрив на џамијата е направен од дрво, со предворје пред салата за молитва. Оваа џамија можеби е единственото верско светилиште во Албанија кое е во совршена хармонија со урбаната средина каде што е изградена.

**Етнографскиот музеј** - Лоциран во центарот на градот, недалеку од тврдината во Елбасан, овој музеј е сместен во традиционална двокатна куќа од XVIII век која раскажува за културата, фолклорот и начинот на живот во средниот век. Музејот што ја раскажува приказната за културата и начинот на живот на Елбасан во тоа време, е сместен во една од најтрадиционалните куќи во градот. Музејот детално ја прикажува културата и фолклорот на Средна Албанија, занаетчиството од тоа време, секојдневниот живот на градот и неговите предградија и главните алатки на трговијата во Елбасан низ годините.





**Назиреша џамија** - Оваа џамија го привлекува вниманието на посетителите благодарение на хармонијата и убавината на нејзините структурни форми и бои. Датира од крајот на XVI век и е именувана по жена многу почитувана од градското население. Нејзината основа и волумен го изразуваат класичниот отомански стил од времето кога е изградена. Оригиналната сала за молитва во форма на квадрат е целосно сочувана, додека врвот на минарето има мали оштетувања.



**Црквата Света Богородица** - Православната црква се наоѓа во самото срце на Елбасанската тврдина, делумно населен со православно христијанско население. Сегашниот изглед на црквата датира 1826-1833 година, кога повторно била изградена на урнатините на црква од XVII век, која изгорела во пожар во 1819 година. Покрај високите мајсторски резби во дрво, црквата е ценета и по нејзината архитектонска убавина, особено аркадите на предворјето и резбите во камен.



**Станица Ад Квинтум** - Станицата Ад Квинтум е место за одмор покрај римскиот пат Виа Игнација, која го поврзувала Рим со Константинопол, изградена помеѓу 146 и 120 година п.н.е. Станицата Ад Квинтум се наоѓа во Брадашеш, на околу 7 километри од Елбасан.



**Црква Свети Никола (Kisha e Shen Kollit)** Оваа црква се наоѓа во селото Шелцан, на околу 12 километри од Елбасан. Согласно градежните карактеристики, се верува дека е изградена кон крајот на XIV век. Оваа црква е украсена со живописни фрески од средновековните иконописци Онуфри и Костандин Шпатараку.



**Уникатното готвење на Елбасан**

**Традиционален колач - Балакуме** - Граѓаните во Албанија знаат дека летните прослави неизбежно се поврзани со традиционалниот колач - балакуме, чија што подготовка бара доста труд и време. Балакуме е бисквитен колач направен од пченично или пченкарно брашно и значителна количина шеќер. Вкусот и сладоста на овој колач, со текот на годините постанува симбол на летниот фестивал „Ден на летото". Подготовката на колачот е вистински предизвик бидејќи треба верно придржување на рецептот и внимателно да се додава секоја состојка. Традиционално, мешањето на состојките е со дрвена лажица во бакарен сад.



**Тепсија од месо и јогурт (Tavë Kosi)** Рецептот на ова вкусно летно јадење потекнува од Елбасан, но сега се подготвува и служи низ целата земја. Една од тајните на Tavë Kosi е тоа што се готви само со месо од млад добиток. Другата тајна лежи во маринирањето на месото со билни зачини. Првично месото се пече во рерна за да ги ослободи сите негови сокови, со што се обезбедува мекост на месото. Потоа, месо се прелива во густа смеса од јајца, брашно и значителна количина свеж јогурт и повторно се потпекува. Киселата свежина на јогуртот ја нагласува сладоста на јагнешкото месо за вкусен оброк кој се топи во устата.

## III.5 АКТИВНОСТИ

Активностите што се нудат на локацијата, се клучни мотивациони сили за посета на една авантуристичка и енергична дестинација. Нивната туристичка вредност е огромна од гледна точка на разновидност или ексклузивност. Исто така, активностите наменети за професионалци и спортисти, се поддржани со почитување на безбедносните стандарди и достапен безбедносен и спасувачки систем во рамките на самата дестинација.

Слободно може да се каже дека Крушево нуди различни активности на отворено, кои се движат од лесна, мека до тешка авантура. Уникатноста на Крушево е што нуди активности на отворено во текот на целата година. За оваа анализа ќе се земат предвид само туристичките активни и авантуристички активности:

**Параглајдинг (во тандем)** - Активните клубови и сертифицираните пилоти (летачи) нудат тандемски параглајдерски летови од 2 локации за полетување, и двете лоцирани на Мечкин Камен, источната страна како главна и алтернативната на западната страна. Параглајдерството и тандем параглајдерство се нуди од април до октомври, а ако временските услови се поволни во Крушево и во другите сезони од годината.

**Планински велосипедизам** - Општина Крушево, во соработка со проектот ПЛРК – Проект за локална и регионална конкурентност, финансиран од ЕУ, разви преку 40 километри велосипедски патеки. Во соработка со приватниот сектор, во моментнов се спроведува заеднички проект за проширување на мрежата на обележани велосипедски патеки, достигнувајќи 80+ километри на обележани велосипедски патеки.

**Скијање** – се нуди зимско скијање и придружни спортови и рекреација на местото наречено Станич, кое има две патеки за аматери и една професионална скијачка патека долга 618 метри. Локацијата има ски лифт – едносед и кабелски едносед лифт. До локацијата се доаѓа со жичара (двосед) по која всушност се движи и професионалната скијачка патека. Горе на Станич има два ресторани - Скаут и Шапе, кои нудат

освежителни пијалоци и разновидна храна. Почетната точка на жичарницата која води до Станич е на само неколку минути од центарот на Крушево.

**Зимско сафари** - понудено од страна на приватен провајдер на услуги, на кое туристите можат да уживаат во “зимско сафари” од врвот на планината Бушава, до каде што се обезбедува транспорт со амфибиско возило и од тука туристите да уживаат во авантура на бесплатно скијање, пешачење и други активности.

**КВАД Авантура** – можности за изнајмување на двосед АТВ (возило за сите терени) и истражување на крушевската природна околина, по една од многуте одржувани патеки, или одење надвор од валираната патека за вистинска самостојна авантура или со водич.

**Авантуристички парк** - организиран парк од неколку адреналински активности, управувани од страна на сертифицирани инструктори кои нудат „зип линии“, качување, одење на јажиња и слободно искачување на карпа, по пристапни цени.

**Планински картинг** - за време на сувата сезона, скијачките терени се користат за планински картинг, со што ски лифтот ги носи луѓето на врвот од каде што ја користат гравитацијата за да се спуштат до почетокот на патеката.

**Пешачење и трекинг** – Крушево има голем потенцијал за овој вид на активности на отворено, во текот на целата година, нудејќи им на љубителите на планината лесни, умерени до тешки патеки. Постојат локални водичи од Крушевската околина кои обезбедуваат тури со водич. Многу од патеките сé уште треба да бидат обележани, но во моментов, повеќе од 40+ километри се лесни за следење и за самостојно пешачење.

**Јавање коњи** – оваа активност е стандардизирана, јавање на коњ во времетраење од 10 до 30 минути, со водич по фер цена, овозможувајќи им на посетителите да уживаат во планинската средина на Крушево. Има најмалку десет коњи со два достапни провајдери на услугата за оваа туристичка активност.

**Локални искуства** - дури и правењето на локум е добро чувана тајна. И други локални рецепти можат да се подготвуваат заедно со локалните жители во нивните домови, како што се правење на слатки наречени целуфки, или чомлек, специјалитет од месо. Овие искуства можат да бидат организирани со помош на посредникот за патување или од локалниот сместувачки објект.

Некои од авантуристичките активности кои можат да се понудат во Елбасан и околината се:

**Параглајдерство** од платото на Черује, во близина на Фунар.

**Стрелаштвото** може да се обезбеди на неколку места и дестинации во Елбасан, езерото Фунар, Бишек, Ќерет, Ѓинар, Буканик итн.

**Кампувањето и правењето скара** се најсоодветни во областите Фунар, Ѓинар, Ќерет, Шмиљ, Крабе итн.

**Кану** по должината на реката Шкумбин (во пролет, рано лето и есен).

**Пешачење** по добро дефинирани патеки како:

- Елбасан – Годолеш – Самур – Лабинот – Елбасан
- Елбасан – Годолеш – Фунар
- Елбасан – Бишек – Шушице – Фуше Буал – Ура е Полишит (кој го следи патот на древната Виа Игнација)
- Елбасан – Гаруње – тврдината Бодин
- Елбасан – Шелцан
- Елбасан – Ѓинар – Валеш (во Валеш се урнатините на стара тврдина и црква.)

Кајакарство низ кањоните на реката Гостима; Скијање во Ѓинар и Фунар, само во текот на зимата; Риболов на реката Шкумбин; Јавање на коњи во Фунар, Ѓинар и Бишек; Ориентациона активност, главно во планинските области на Фунар, Ѓинар, Шмиљ, Завалине, Буканик, Коре, Годолеш; Зип линија во Буканик, Годолеш итн.

## III.6 ПОГОДНОСТИ

Како што е елаборирано погоре, погодностите се од особен интерес за развојот на авантуристичкиот туризам, бидејќи вклучуваат безбедносна логистика, интернет пристап, здравствено осигурување и пристап до објекти за прва помош, итн. Неодамнешните настани поради COVID-19 воведоа распространети анти-ковид погодности, вклучувајќи специјални мерки за чистење на сместувачките и транспортните капацитети, јавните простории и најатрактивните места.

Крушево и Елбасан се со умерени погодности, кои ги придружуваат сместувачките, транспортните, угостителските и ресторанскит капацитети. Освен стандардните погодности за горенаведените дестинациски елементи, Крушево нуди чист воздух и незагадена природна средина поради специфичната локација и малата фрекфенција на возила.

Храната е голем потенцијал за привлекување, особено што и двете територии сé уште можат да понудат здрава и домашна храна, без разлика дали се служи во традиционални ресторани или 'B&B'. Интернет пристапот е обезбеден во секој објект, освен неколку 'B&B' сместувања во руралниот Елбасан, кој е дел од уникатната понуда која нуди мир и онлајн детоксикација.

# IV. КЛУЧНИ ОТКРИТИЈА

Анализата на примарните податоци собрани од интервјуата и заедничките дискусии на одржаните прекугранични работилници, како и секундарните податоци собрани од консултираната релевантна литература, овозможија формирање на општ поглед на потенцијалите за развој на туризмот во Крушево и Елбасан. Вклучените сознанија за проблемите и можностите, како и моменталната состојбата на дестинацијата, водат до заклучоци на клучни наоди, проследени со соодветни препораки.

Општо земено, двете општини, Крушево и Елбасан може да се сфатат како авантуристички и активни дестинации, следствено на анализата погоре, во врска со дефиницијата на АТТА за авантуристички туризам како патување кое вклучува најмалку два од следните три елементи: физичка активност, природна средина и културно втопување.

Понатаму, опсежната анализа на 5-те клучни елементи на дестинацијата: пристап, сместување, атракции, активности и удобности, наведува на:

- Најмногу сличности има во категориите пристапни точки, атракции и удобности;
- Умерена конзистентност во разновидноста на сместувачките капацитети, и
- Варијации во видот и квалитетот на понудените активности.

Конкретно, до Крушево и Елбасан може лесно да се стигне користејќи ги регионалните и локалните патни правци и три меѓународни аеродроми. Дополнително, достапни се:

- Директен патен правец што ги поврзува Елбасан и Крушево, и обратно;
- Кружно патување, со посета на Косово;
- Странските пристигнувања користејќи ги нискобуџетните авионски летови преку меѓународните аеродроми во Скопје, Тирана и Охрид;
- Добар пристап до дестинацијата преку автопати, регионални и локални патни правци како дел од балканските рути.

И двата града, Крушево и Елбасан нудат сместување во хотели, сместување со доручек (B&B), куќи за гости и апартмани.

- Крушево нуди 1.250 легла во текот на целата година, сите лоцирани во градот;
- Елбасан нуди 998 легла: од нив 810 се наоѓаат во градот и 188 во Ѓинар и Фунар;
- Голем дел од сместувачките капацитети за Крушево и Елбасан се присутни на платформите за онлајн резервации како Airbnb.com и Booking.com;
- Стилот на сместување во Крушево варира, но во целина го следи традиционалниот начин во модерен превод на традиционалниот архитектонски дизајн;
- Сместувањето во Елбасан следи современ стил во повеќето сместувачки капацитети.

Што се однесува до атракциите, Крушево нуди уникатна мешавина на културни, историски и авантуристички атракции во природа. Во исто време, Елбасан, во сегашната ситуација, е најпопуларен

како велнес дестинација, но сепак нуди авантуристички и активности на отворено. Активностите кои привлекуваат најмногу посетители се:

- Параглајдинг и змајарење
- Пешачење
- Планински велосипедизам
- Активности во адреналински парк (зип линија, итн.)
- Велнес и слободно време
- Кампување
- Кајакарство и рафтинг
- Скијање
- Јавање на коњ
- Авантура „надвор од патот“

Конкретно, клучните атракции на Крушево може да се сумираат на следниов начин:

- Дестинации за параглајдинг и летање препознатливи на светската мапа;
- Важна историска дестинација, пред се заради Илинденското востание и споменикот Македониум кој е атракција сама по себе;
- Културни ресурси:

- Крушево, како урбана населба со специфичната и традиционална крушевска архитектура и урбан изглед (основана кон крајот на XVII и почетокот на XIX век). Познатиот француски архитект Ле Корбизје бил особено трогнат од архитектурата на Крушево. За создавањето на Крушево како градска населба значајно е доселувањето на Власите од Москополе и неговата околина во периодот од 1769 до 1788 година;
- Познати крушевски градители, зографи/фрескосликари и копаничари од тоа време;
- Црквите:"Свети Никола" (1832), "Успение на Пресвета Богородица", "Свети Јован Крстител", "Света Недела", "Света Петка", "Вознесение Христово", "Свети Троица", "Свети Василиј" и манастирот Свети Преображение (1986);
- Музејот на Илинденското Востание и Крушевската Република, и Музејот на Народноослободителната војна;
- Леарницата за куршуми - музеј во Крушево, каде се изработувале куршуми за време на Илинденското Востание;
- Улицата во старата чаршија со низа мали занаетчиски и трговски дуќани, распоредени едно до друго. Тоа е најживописниот дел од градот, по кој следат маалата, каде се одвива целиот живот. Од некогашната светски познатата крушевска чаршија сѐ уште се присутни некои од старите занаети: златарскиот, калѓискиот, чевларскиот, кројачкиот и други занаети.

- Претставување на Крушево како град на културата, со Меморијално-културниот центар Тоше Проески и галеријата Никола Мартиноски, меѓу другото;
- Дестинација за пешачење и велосипедизам со 40+ км организирани и обележани патеки;
- Семејни одморалишта (ресорти) за зимски одмори;
- Авантуристички парк и авантуристички активности на дестинацијата, пристапни и лесни за резервирање;
- Локална и автентична традиционална храна, секогаш достапна во ресторантите.

Општина Елбасан е богата со туристички атракции, овозможувајќи развој на различни туристички производи и понуди. Иако не е дел од морското крајбрежје, може да биде интересна за специфични типови туристи, поттикнувајќи ги сегментите кои сметаат дека туристичките атракции на Елбасан заслужуваат повеќепати да се посетат.

Следат некои од главните адути и силни страни кои Општина Елбасан може да ги искористи за понатамошен развој на туризмот:

- Термалните бањи во Треган (од локалното население наречени Лиџа). Во Треган има доста сместувачки капацитети, пречекувајќи илјадници велнес туристи годишно;
- Историски локалитети (тврдината Елбасан, саат-кулата, базиликата, други помали тврдини во руралните средини, римскиот термален комплекс Ад-Квинтум, римскиот пат Виа Игнација итн.);

- Природни ресурси (чинарот Безистан, чинарот Бишек, долината Шкумбин итн.);
- Културни ресурси (Кралската џамија, џамијата Назарешта, црквата „Света Марија“, црквата „Свети Никола“, Етнографскиот музеј итн.);
- Зградата на авто-мото паркот во Елбасан, патеката за трки во должина од приближно 5км.
- Атрактивни дестинации (Ѓинар, Бишек, Фунар, Ќерет, Полис итн.), добро познати по пешачки патеки, локални гозби, возење теренски возила, јавање коњи, стрелаштво, рафтинг;
- Традиционална кујна, препознатливо подготвување на храна и локални специјалитети, долга традиција и гостопримство;
- Националниот фестивал и празнување „Ден на летото“ и други регионални или рурални фестивали;
- Разновидните видови релјефи и пејсажи, кои овозможуваат широк спектар на практикување активности на отворено и спортски активности.
- Поддршка од професорите и студентите од Универзитетот во Елбасан „Александар Џувани“ и отворање на додипломски студии за туризам;
- Посветеност на локалната самоуправа за дизајнирање и спроведување на развојна туристичка стратегија (Општина Елбасан);
- Специфични спортски здруженија, како што е „Здружението за алпинизам, скијање и планински туризам“, со канцеларија во Елбасан;
- Посветени туристички оператори, како што се „Albanian Sport Tourism“ и „Elite Travel“.

Што се однесува до удобностите, Крушево и Елбасан нудат стандардна и редовна покриеност на интернет пристап и здравствени институции на задоволителни ниво. Недостига организиран локален превоз.

Спроведеното истражување придонесе да се идентификуваат некои од проблемите и предизвиците за понатамошен развој на туризмот во Крушево и Елбасан:

- Недостаток на посебен документ - стратегија за развој на туризмот во општина Елбасан. Сепак, позитивен начин на размислување за развој на туризмот преовладува во секојдневните активности на Општината Елбасан и другите органи на локалната самоуправа. Од суштинско значење е да се подготви јасна и напишана стратегија за развој на туризмот;
- Не постои едношалтерски систем - Туристички информативен центар во Крушево - кој нуди систематизирани и промотивни информации за туристичките понуди во градот;
- Не постои систематизирана и интегрирана туристичка понуда во форма на производи готови за употреба, како што се тури до атракциите во Крушево и Елбасан;
- Нема конзистентна и уникатна промотивна порака за брендот Крушево низ рекламните канали;
- Потребна е поголема промоција и на национално ниво кај домашните посетители на атракциите во Крушево, посебно на авантуристичките и активностите на отворено;
- Постои голем недостаток на сертифицирани локални водичи кои добро владеат повеќе странски јазици, меѓу кои и Англискиот;
- Во Елбасан недостигаат планинарски водичи, кои добро го владееат Англискиот јазик;
- Управувањето со отпад бара подобрувања, особено на атрактивните места за туристите во Крушево, областа Фунар и во Елбасан;
- Потребни се одредени инфраструктурни подобрувања во Крушево како поддршка на авантуристичката понуда: реконструкција на патот до полетувалиштето за праглајдинг и до Мечкин Камен, изградба на подолга и со поголем капацитет „зип линија“;
- Потребно е градење на капацитетите и подобрување на перформансите на давателите на угостителски услуги, со цел да ги исполнат очекувањата на туристите.
- Потребно е понатамошно вмрежување, особено со назначени авантуристички меѓународни организации, за споделување на искуства и „know-how“;
- Потребна е модернизација на наставната програма во средното училиште за угостителство и надградба на соработката со приватниот сектор;
- Нема подготвена онлајн дигитална апликација за самоводени тури (велосипедски и планинарски) на повеќе јазици;
- Не постои наменски Директорат за креирање на политики и развој на туризмот во општина Елбасан. Одговорностите во однос на туризмот се поделени помеѓу два постоечки Директорати, што може да доведе до неусогласеност во координацијата на политиките и активностите .
- Лоша патна инфраструктура до главните туристички точки од интерес како што се Фунар, Ѓинар, Ќерет или Полис. Патот до Фунар е во лоша состојба иако во последно време оваа област

интензивно се промовира како локална туристичка дестинација. Планирано е изградба на патот до Фунар, и негово поврзување со автопатот Тирана-Елбасан, што ќе го направи лесно достапен и ќе го скрати времето на патување до дестинацијата. Сепак, овој проект сè уште е во фаза на изводливост, што значи дека ќе бидат потребни неколку години за да се заврши.

- Ниту една специјализирана веб-страница не го промовира Елбасан, неговите туристички атракции и активности, како и настани поврзани со туризмот. Нема ниту посебна страница на социјалните медиуми. Во време кога повеќето туристи ги користат онлајн медиумите како примарен извор на информации, ова е сериозен недостаток за Елбасан. Повеќето информации за Елбасан доаѓаат од медиуми на национално ниво, приватно администрирани страници или меѓународни страници. Голем дел од информациите, особено од приватни извори, се застарени.
- Незначителен број на туристички рути се означени. Нема каталог на означени патеки за пешачење, планинарење или велосипедизам во Општина Елбасан. Разновидниот пејзаж, ридските и планинските релјефи нудат многу интересни и возбудливи патеки со различни нивоа на тежина. Ваквите информации не се широко достапни, а патеките и туристичките рути ги знаат само неколку искусни планинари или ентузијасти.
- Не постои формализирана и институционална соработка помеѓу туристичките засегнати страни во Елбасан. Работилници, состаноци или конференции за туризмот се организираат повремено, но нема формални и периодични состаноци помеѓу страните заинтересирани за развој на туризмот.
- Недостига комплетна листа или мапа на туристички атракции во Општина Елбасан. На веб-страниците има информации за различни атракции и дестинации во Елбасан, но не постои категоризирана листа со сите релевантни информации и податоци. Оваа листа би била комплетирана со корисни и ажурирани информации за сместување, храна и забава во Елбасан.
- Не постои физичка информативна точка или канцеларија за туризам во Елбасан. Иако повеќето посетители се потпираат на онлајн извори, информативна точка за туристичките атракции во Елбасан би покажала сериозна посветеност на туризмот и туристите.

## V. ПРЕПОРАКИ

Следејќи ја горенаведената анализа на двете локални дестинации и испитувањето на можностите за развој на заеднички авантуристички туристички пакети, може да се заклучи дека и Крушево и Елбасан треба да го следат понатамошниот развој на туризмот во авантуристички патувања, бидејќи нивниот најголем потенцијал е токму во тој специфичен тип на туризам.

Во тој поглед, двете дестинации споделуваат елементи кои се основа за поврзување на понудата со оглед на моменталната ситуација и нивно користење како основа за понатамошен развој, следејќи ги препораките подолу:

- Етаблирање на организација за раководење со дестинацијата - DMO за Крушево (општина);
- Развивање единствен предлог за продажба (USP) и уникатен предлог за вредност (UVP) за Крушево (DMO);
- Развивање на конзистентни и уникатни промотивни пораки за целогодишна авантура во Крушево (DMO);
- Развивање и спроведување на национална рекламна кампања за Крушево (заеднички напор на сите засегнати страни);
- Развивање на стандардизирани полудневни, авантуристички и културни тури како редовна понуда во Крушево (DMO);
- Приклучување на меѓународни асоцијации за авантуристички патувања за понатамошно вмрежување, како што е АТТА (општина);
- Поставување шема за субвенции/грантови за сертифицирање локални водичи за планининарење и велосипедизам (општина);
- Организирање обука за градење капацитети на персоналот во угостителството (коорганизација со меѓународни донатори, граѓански сектор и тн.);
- Воведување бесплатен локален туристички превоз (отворен минибус „хоп-он-хоп-оф“);
- Воведување и имплементација на локален систем за одржливост и зелена дестинација во Крушево (DMO);

- Воведување и надградба на инфраструктурата за велосипедска дестинација во Крушево (велосипедски патеки, сместувачки капацитети);
- Развивање и промовирање дигитални алатки (базирани на веб апликации) за самоводени пешачки и велосипедски тури во Крушево;
- Понатамошно обележување на пешачки и велосипедски патеки во Крушево, ... и воведување велосипедски патеки за спуст во текот на летото на местото на ски патеките (приватен концесионер, општина);
- Понатамошно подобрување на инфраструктурата за параглајдинг, дополнително полетувалиште и поголем објект на локацијата во Крушево;
- Понатамошно подобрување на патната мрежа, фокусирање на патниот пристап до следниве атракции: Мечкин Камен и авантуристички парк;
- Изградба на долга и со поголем капацитет „зип линија" во Крушево;
- Воведување систем за безбедност и спасување во Крушево (општина, спортски и параглајдинг клубови);
- Приклучување на понатамошни иницијативи за интегрирана прекугранична авантуристичка понуда;
- Понуда на Крушево како дел од кружни балкански патувања (присуство на туристички саеми, општина);
- Чистење на градот Крушево, подобрување на управувањето со отпадот (општина, комунални претпријатија);
- Воведување на уште најмалку два големи настани во Крушево, по можност еден на есен и еден на пролет;
- Општина Елбасан треба да подготви основна стратегија за развој на туризмот во Елбасан. Во развивање на стратегијата мора да бидат вклучени сите засегнати страни и достапните квалификувани човечки ресурси локално, и национално. Истиот тип на учесници кои беа присутни на двете работилници организирани за времетраење на КЕТ проектот се повеќе од погодни за дискусија и за развивање на локална туристичка стратегија;
- Развивање на туристички идентитет за Елбасан, т.е. она што го претставува Елбасан. Специфично лого и ознака треба да го придружуваат брендирањето на Елбасан. Ова ќе го направи Елбасан попрепознатлив и лесно ќе го поврзе неговото име со специфичните атракции што им ги нуди на туристите. Логото и слоганот ќе се користат во секоја активност поврзана со туризмот;
- Ревитализација на најпрепознатливата атракција на општината, тврдината во центарот на Елбасан. Тоа е совршено место за претворање во „стар град", со продавници за сувенири, традиционални работилници, етно ресторани, кафулиња, музика во живо и перформанси, изложби како и други културни активности. Плоштадот пред јужната порта на тврдината да биде пешачка зона, создавајќи атрактивен спој со базиликата, безистанскиот чинар (Platanus), Етнографскиот музеј и новата џамија Бали;
- Воспоставување на посветен Директорат за туризам, политики и развој во Општина Елбасан. Ова ќе резултира со подобрен развоен фокус на туризмот, а активностите поврзани со туризмот ќе станат подобро координирани;
- Развивање на веб-страница посветена на туризмот во Елбасан, како и соодветни страници на социјалните медиуми. Тие страници ќе содржат релевантни информации за туризмот и Елбасан како туристичка дестинација, ажурирајќи ги на дневна основа. Веб-страницата е одлична и евтина алатка за промовирање на Елбасан на национално и на меѓународно ниво;
- Етаблирање, обележување, поставување на сигнализција, и промовирање на пешачки и велосипедски патеки во Елбасан. Треба да се поттикнат и спортови и активности на отворено, бидејќи Елбасан е погоден за ваков тип на активности. Покрај пешачењето и возењето велосипед, овие активности на отворено можат да се воведат на организиран начин во дестинацијата Елбасан и Крушево:
  - Стрелаштво: спорт, вежбање или вештина за користење на лак со стрели за гаѓање;
  - АТВ возење: возење со теренски возила за рекреативни цели;
  - Кампување: активност на отворено што вклучува ноќевање подалеку од дома, било без засолниште или со користење на основни засолништа како шатор или возило за рекреација;

- “Бекпекинг”: носење опрема на грб додека пешачите повеќе од еден ден. Тоа е често продолжено патување и може да вклучува кампување на отворено;
- Птичарење - Набљудување птици/телескоп: набљудување птици како рекреативна активност или форма на граѓанска наука. Набљудувачот на птици може да гледа со голо око, со помош на уред за визуелно подобрување како двоглед или телескоп и слушање звуци на птици;
- Кајакарство: активност која вклучува веслање на кану со едно весло;
- Кајакарење по диви води и возење педалинки, или даски за сурфање;
- Диск голф: спорт со летечки диск во кој играчите фрлаат диск кон целта; се игра по правила слични на голфот;
- Фитнес патека: се состои од патека со опрема за вежбање на отворено или инсталирани пречки долж патеката за вежбање на човечкото тело за промовирање на добро здравје;
- Речен риболов, јавање коњи и скара;
- Змајарење: воздушен спорт или рекреативна активност во која пилотот лета со лесно, немоторизирано летало потешко од воздухот кое се залетува со оттурнување со нозе, наречено змајарење;
- Лов, планинарење, алпинизам и возење надвор од патот;
- Ориентирање: активност која бара навигациски вештини со користење на мапа и компас за навигација од точка до точка во разновиден и обично непознат терен додека се движите брзо. На учесниците им се дава топографска карта, обично специјално подготвена карта за ориентација, која ја користат за наоѓање контролни точки;
- Фитнес на отворено: се состои од вежбање што се изведува надвор од спортска сала за да се подобри физичката кондиција;
- Сала на отворено: теретана изградена надвор, на отворено со справи за вежбање;
- „Airsoft/paintball“: тимска игра во која учесниците ги елиминираат противничките играчи со елиминирање надвор од игра со сферични пластични проектили истрелани со лажни воздушни оружја наречени воздушни пиштоли;
- Фотографирање;
- Спуштање по јаже: контролирано спуштање од стрмна падина, како што е карпа, со движење надолу по јаже;
- Плогирање: комбинација на џогирање со собирање отпадоци. Како тренинг, тој обезбедува варијација во движењата на телото со додавање на свиткување, чучнување и истегнување на главната акција на трчање, планинарење или одење;
- Качување на дрвја, Трчање;
- Рафтинг: рекреативна активност која користи сплав на надувување за да се движи по река или друга водна површина;
- ЗИП линија: макара обесена на кабел, обично изработена од нерѓосувачки челик, монтирана на падина. Дизајниран е да му овозможи на лицето кое е придвижено од гравитацијата да патува од врвот до дното на наваленииот кабел, држејќи се за или прицврстувајќи се за слободно движечката макара.

- Воспоставување формална соработка помеѓу засегнатите страни во туризмот од Елбасан и Крушево. Може да се организираат периодични состаноци на кои ќе се анализираат и дискутираат последните случувања во туризмот, како и идните предизвици и планови. Не постои подобар начин од разговорот лице в лице за сè што ги засега сите заинтересирани страни. Организирањето на вакви средби ќе придонесе кон усогласување на напорите и постигнување синергија во промовирањето и развојот на туризмот во Елбасан и Крушево.
- Составување комплетна и ажурирана листа на сите туристички атракции во Елбасан. Оваа листа потоа може да се комбинира со други информации за да се создадат специфични туристички понуди и производи за различни типови туристи (како што беше дискутирано претходно). Ова ќе ја зголеми привлечноста на Елбасан како туристичка дестинација.

- Според најновите меѓународни стандарди има потреба од отворање канцеларија за споделување на информации за туристите. Оваа канцеларија би служела како референтна точка за странските или домашните туристи. Исто така, покрај обезбедувањето информации лице в лице за посетителите, туристичкиот инормативен центар може да се организира како продавница за сувенири, и за споделување на печатени промотивни материјали.
- Истражување и промовирањето на катакомбите во Елбасан, кои сè уште се непознати и за повеќето жители на Елбасан. Овие катакомби лежат под градот, а повеќето се сè уште неистражени. Започнуваат од тврдината во центарот на Елбасан и се протегаат кон периферијата на градот.
- Изменување и прилагодување на реалните наставни програми на додипломската програма по туризам понудена од Универзитетот во Елбасан, за подобро усогласување со потребите и барањата на туристичкиот сектор. Ова значи подобра соработка помеѓу туристичките бизниси и соодветните катедри на Универзитетот во Елбасан „Александар Џувани". Некои од темите кои може да се понудат се „Дизајнирање за искуство на посетителите", „Туристичка иднина", „Управување со туристички атракции", „Нише туризам," итн. Исто така, може да се организираат отворени семинари на кои претставници од туристичките бизниси од Елбасан можат да ја споделат својата експертиза и искуства со студентите и професорите на Универзитетот во Елбасан.
- Развивање понуда на конкретна обука за поединци и вработени заинтересирани да напредуваат во туристичкиот сектор. Оваа обука треба да биде ориентирана кон пракса и може да биде развиена од туристички експерти/практичари и професори по туризам. Секој треба да има корист од споделените искуства и знаења за да расте професионално и да напредува во својата кариера.

## VI. Стратешки насоки за промоција и брендирање на туристичкиот пакет Крушево-Елбасан

Маркетинг на дестинација е сложена и меѓусебно поврзана активност што ги собира сите релевантни чинители на локално и национално ниво околу една заедничка цел. Целта е да се зголеми свеста кај клиентите за одредена дестинација, за да почнат да размислуваат за посета или да им помогнат да ја запомнат локацијата кога ги планираат своите патувања или одмори. Со дефинирање и развивање на клучните фактори за атрактивност на севкупната дестинација како единствени бренд, потенцијалните клиенти ќе одлучат да резервираат патување до таа дестинација поради нејзината промоција.

Маркетингот на дестинацијата е клучна активност на Организацијата за управување со дестинација (DMO), како што претходно беше споменато во препораките, дел V во оваа анализа. Маркетингот како примента алатка се користи да се донесат повеќе посетители во областа, да ја поттикне локалната економија и да се етаблира како дестинација посакувана за патување и  посета.

Главната цел на маркетингот на дестинација е да го направи клиентот свесен и заинтересиран за целната локација пред да пристигне. Истакнувањето на локацијата значи дека DMO или субјектот што ја спроведува маркетинг стратегијата треба да најде начин да промовира две области - едно патување, како што е случајот со заедничката туристичка активна понуда Крушево-Елбасан. Без оглед на постојаните понуди во однос на авантуристичките и активни патувања, туристичкиот производ се шири преку границата, вклучувајќи две прекугранични територии.

Брендирањето на туристичка дестинација бара долгорочна стратегија интегрирана во бројни канали и излегува надвор од опсегот на овој документ. Во секој случај, брендирањето на дестинација е повеќе од само логоа, ознаки, реклами, билборди и објави на социјалните мрежи.

Перцепцијата на посетителите го дефинира брендот на дестинацијата. Тоа е емоција што посетителите ја чувствуваат, предизвикана од искуствата создадени од туристичките чинители, што значи дека доследното и долгорочно истражување на задоволството на посетителите треба да се користи на систематски и организиран начин, најсоодветно од локалната DMO за да се добијат и организираат релевантни податоци. Успешното спроведување на стратегијата за брендирање мора да започне со тоа што ќе се постави прашањето: „Што ја прави нашата дестинација уникатна и што ги привлекува посетителите?", проследено со анализа и интерпретација на собраните податоци од локалните дестинации во конкретни приоритети, мерки и активности кон долгорочна стратегија за маркетинг на дестинацијата. На тој начин, секој чекор треба да биде доделен на една или повеќе засегнати страни одговорни за спроведување, заедно со временската рамка и буџет.

Трендовите за маркетинг за една дестинација покажуваат дека онлајн комуникацијата со потенција-лните туристи ги доведува туристичките движења на глобално ниво. Имено, според Извештајот за

патувачки трендови за 2018 година, 9 од 10 патници сметаат дека е неопходно да се читаат прегледите и оценките поставени на интернет. Покрај тоа, 95% од патниците секогаш им веруваат на прегледите за турнеи, патувања и активности на страници од трети страни, како што е на пример TripAdvisor.

Сепак, да претпоставиме дека дестинацијата сè уште не е толку популарна. Во тој случај, оние што трошат на патувања (идни посетители) бараат видео и фото материјал, за да дознаат што да очекуваат од локацијата која би сакале да ја посетат. Сепак, првиот чекор во промоцијата на дестинацијата е, да се истакне одредена територија или да се привлече вниманието кон специфичните атракции и искуства за посетителите. Сликата подолу ги прикажува факторите што треба да се елаборираат во пораката што се комуницира со потенцијалните посетители кои влијаат на нејзината конкурентност, што значи дека посетителите треба да ја изберат нашата дестинација во споредба со оние што нудат слични туристички производи.

**Табела 8: фактори кои влијаат на конкурентноста**

| ШТО ВЛИЈАЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА | |
|---|---|
| Атракции | Природни, културни, вештачки ресурси, настани |
| Пристапност | Патна, железничка инфраструктура, аеродроми |
| Рекреација | Комерцијални активности, останати услуги и др. |
| Сместување | Сместувачки услуги (хотели, “B&B”, домови, локално сместување) |
| Активности | Сите активности: авантуристички, спортови, култура и др. |
| Комерцијална пристапност | Пакети и понуди достапни на пазарот |

Горенаведените фактори за Крушево и Елбасан, се опширно елаборирани во претходните делови (II.1 до III.6). Исто така , се истражуваа и елаборираја и нивните сличности. Следејќи ги наодите, треба да се развие USP како основа за креирање на специфична Маркетинг стратегија за активната дестинација Крушево - Елбасан.

## Уникатен предлог за продажба - USP (индикативно)

Како што е претходно елаборирано, дестинацијата Крушево-Елбасан се соочува со конкуренти локални дестинации во прекуграничната област кои нудат слични туристички производи за истата цел (туристи) во различни сегменти на пазарот и со еднакви или пониски цени. Атракциите во конкурентнитедестинации се идентични. Зрелоста на дестинациите (степен на развој и препознатливост како туристичка дестинација) е повисока од таа на Крушево-Елбасан, гледана како заедничка дестинација за авантуристичката тема.

Сепак, заедничкиот туристички пакет на дестинација Крушево–Елбасан се доживува како „едно патување - две земји“. Од друга страна, ценовната чувствителност на пазарните сегменти насочени кон авантуристички поединци и мали или приватни групи е висока, бидејќи тие имаат тенденција да патуваат со одреден буџет што треба да се земе предвид при промовирање на дестинацијата Крушево-Елбасан во еден авантуристички туристички пакет.

Концизен, единствен предлог за продажба се заснова на географските карактеристики и атрактивностите кои ја прават дестинацијата поконкурентна од конкуренцијата, земајќи ги предвид најпрепознатливите средства и фактори на привлечност. Подолу е претставена вежбата за развој на USP, спроведена во текот на подготовката на овој документ. Препорачливо е за да се обезбеди локална сопственост над USP, треба да се спроведе процес во поголем обем на учество и вклучување на повеќе национални и локални актери. Во таа насока, индикативни се следните предлози за USP:

**Табела 9: уникатен продажен предлог на дестинацијата Крушево – Елбасан**

| Уникатен продажен предлог на дестинацијата Крушево – Елбасан | |
|---|---|
| Што го прави Крушево-Елбасан единствен? | Две земји - едно патување; |
| Која е суштината на дестинацијата? | Авантура, активности на отворено; |
| Што ги поттикнува патниците да ја одберат дестинацијата? | Вкусна храна, гостопримливи луѓе, мир и релаксација во природа, физички активности како пешачење и велосипедизам, спектакуларни погледи, интеракција со локалното население; |
| Какво е мислењето на туристот за дестинацијата? | Неоткриена, приватна, зелена и гостопримлива. |
| **Целогодишна дестинација за семејна авантура!<br>Природа, авантура и вкусна храна за урбана детоксикација!<br>Искусете ги античките патеки и чувствувајте се како Римјанин!<br>Прилагодете го вашето тело вклопувајќи се во природата!** | |

## Сегментација на пазарот

Бидејќи дестинацијата Крушево–Елбасан е сè уште во почетната фаза на заедничкото претставување на својата туристичка понуда и има многу ограничено присуство на странските пазари, анализата подолу се занимава со сегментација и позиционирање на пазарот, бидејќи овие наоди се предуслови за оптимизирање на маркетинг стратегијата.

Според општо признание, не се води дискусија за различните вкусови на луѓето. Оттука произлегува дека секој турист треба да се набљудува поединечно. Сите тие се привлечени кон одредена дестинација поради различни причини и вкус, кои се движат од лежерен одмор па до многу специфично уживање.

Друго признание е дека туристичката индустрија во никој случај не може да ги опслужува сите патници поединечно, што доведува до сегментација на пазарот. Понатаму, сегментацијата на пазарот во туризмот може да ја користат сите засегнати страни, од ресторани и хотели до мали или големи меѓународни тур-оператори и дестинации, како што е елаборирано во оваа Анализа.

Во овој дел се разработуваат географските, демографските и психографските (начин на живот) карактеристики на дојдовните посетители на дестинацијата Крушево – Елбасан само во однос на ЗАЕДНИЧКАТА АВАНТУРСКА ПОНУДА. Анализата на сегментација на пазарот подолу се однесува само на заедничките туристички производи, развиени во рамките на авантуристичкото портфолио на двете локални дестинации што опфаќа уникатни туристички пакети.

Надворешниот пазар треба да се набљудува како збир на многу различни помали пазари формирани врз основа на други лични карактеристики на секој клиент, со што ќе им се овозможи на дестинациите да се истакнат во опслужувањето на потребите на одредена група или пазарен сегмент. При изборот на туристи од странство, дестинациите треба да одредат според тоа дали ќе го одберат пазарот врз основа на границите на земјата или ќе истражуваат различни сегменти на пазарот кои се однесуваат на заедничките потреби на патниците (посетителите) на меѓународно ниво.

Не следејќи ги само податоците за пристигнувања од 2022 година за Крушево бидејќи тие претставуваат исклучителни околности и не можат да се користат како индикатор за идно поставување на целните вредности, локалните засегнати страни известуваат за пристигнувања по категорија, а не по географска локација. Покрај иселениците - граѓани кои живеат во странство и претежно се враќаат во летниот период за да ги посетат пријателите и роднините или за еднодневна посета, на слика 5 се прикажани ноќевањата на посетителите за периодот од првите шест месеци од 2022 година, по земја на потекло во Крушево.

**Слика 5: број на ноќевања на туристи, по земја на потекло во Крушево**




*Извор: Макстат- база на податоци, 2022*

Податоците презентирани во претходниот графикон за пристигнувања на туристите по земја на потекло ги поткрепуваат доказите од теренското истражување од Крушево дека туристите потекнуваат од различни земји со тенденција на повеќе пристигнувања од регионот, односно најмногу посетители во првите шест месеци од 2022 година се од Словенија и Албанија, по што следи Турција. Бидејќи опсегот на оваа сегментација е веќе географски стеснет на пазарот за излезни патувања во европските земји и соседните земји на Северна Македонија и Албанија, напорите треба да се фокусираат на идентификување на различни групи на индивидуални туристи, субјекти за посредување, како што се тур-операторите, туристичките агенции - традиционални или онлајн компании.

Врз основа на претходната елаборација на пристапноста до дестинацијата, едно од клучните прашања во одредувањето дали дестинацијата ќе привлече странски туристи и посетители е можноста за директни летови до и од меѓународните аеродроми во Северна Македонија и Албанија.

Истражувањето спроведено за дојдовни патувања во Северна Македонија и Албанија докажа дека европските туристи претпочитаат директна врска со крајната дестинација, наместо летови со повеќе застанувања. Понатаму, неколку нискобуџетни оператори обезбедуваат евтини директни летови од и до двете земји (WIZZ AIR, Germanwings, Blueexpress итн.).

Сегментацијата на пазарот врз основа на категории наместо географски кластери овозможува таргетирање на потенцијалните туристи со помош на факторска анализа. Анализата на факторите на животниот стил на посетителите од претходните години мора да се земе како со ограничено влијание, бидејќи доказите од теренот се ограничени на извештаите на локалните засегнати страни, т.е. анегдотски податоци. Исто така, факторската анализа вклучи податоци од 2022 година за да се добијат докази за факторите на животниот стил на националните посетители кои доаѓаат во Крушево на еднодневно патување или одмор.

Одејќи во детали понатаму, пазарите на клучни извори и потрошувачките сегменти присутни на дестинацијата Крушево, сите категории, без разлика на земјата на потекло, беа дополнително анализирани со помош на факторска анализа. Беа идентификувани пет типа на посетители врз основа на нивните преференци за животниот стил: трагачи по авантури (најпрво со параглајдерство), љубители на природата, културни истражувачи, активни спортски посетители и семејства кои патуваат за одмор и релаксација.

Факторите на животниот стил не се пресудни за туристичките преференции, бидејќи исто така надворешните фактори многу влијаат на однесувањето на туристите и нивната конечната одлука да ја посетат дестинацијата. Понатамошната анализа врз основа на возраста, полот и семејниот статус откри дека туристите кои пристигнуваат на дестинацијата Крушево се претежно средовечни, главно во семејни односи или се млади кои се дружат и патуваат во група. Друга група се постари посетители кои се организирани во туристички културни групи.

Следејќи ја сегментацијата на пазарот врз основа на географска, демографска и психографска (начин на живот) анализа, дестинацијата Крушево треба да ги таргетира потенцијалните посетители од следните сегментите на пазарот:

- Семејства со среден приходи, кои ја сакаат природата, меките авантури и да искусат локални нешта;
- Помлади луѓе кои патуваат да откријат дестинации за активен одмор;
- Професионални атлети/спортисти за подготовки пред натпреварувачка сезона;
- Повозрасни луѓе кои патуваат организирани од посредник (туристички агенции) за културно истражување на „нови" дестинации;
- Во деловни цели за активности поврзани со бизнис, како што се активности за градење тим, состаноци, конференции, работилници, саеми и обуки; и
- Индивидуални патници кои бараат авантура на не толку познати туристички дестинации.

Според спроведените длабински интервјуа и работилници за профилирање на туристичкиот пазар и можна заедничка тематска дестинација со Елбасан, следниве типови на туристи беа идентификувани:

- Деловни цели: овие лица го посетуваат Елбасан за деловни активности, како што се деловни договори и состаноци, конференции, работилници, саеми и обуки.
- Лични цели (здравје): овие лица посетуваат одредени дестинации во Елбасан, како што се термалните бањи Треган (Лица) или Ѓинар.
- Историски/културни/авантуристички: овие поединци го посетуваат Елбасан поради неговите различни историски, културни и природни ресурси. Оваа категорија вклучува и посетители на различни традиционални денови или активности поврзани со спорт.
- Семејни посети: семејни прослави или собири, свадби, погреби итн.
- Транзитни патници: Поединци кои патуваат до други дестинации и се одмораат во Елбасан.

На овие туристи и посетители им треба широк спектар на производи и услуги. Некои производи и услуги се поврзани со туризмот, а за некои нема толку очигледна поврзаност. Од интервјуата и дискусиите на работилницата, беше идентификувана листа на можни производи и услуги: сместување, храна/традиционална храна, инфраструктура, туристички водичи, преведувачи, гориво, менувачници, медицинска помош, информации, транспорт, обележување на патиштата или патеките, специфична логистика ( сали, системи за симултано преведување, пристап до интернет), паркинг места, безбедност, забава итн.

Сумирано, Крушево и Елбасан привлекуваат исти две категории туристи: љубители на природата кои учествуваат во авантуристички активности и семејства кои патуваат за одмор и доживување на локални искуства.

Од друга страна, и двете локални дестинации привлекуваат различна категорија посетители поради автентичните фактори на атракции како што се посетителите за благосостојба и подобрување на здравјето (Елбасан); транзитни посетители (Елбасан); професионални параглајдеристи или љубители на параглајдерство (Крушево); љубителите на националната историја (Илинден во Крушево).

## Стратегија за цени

Цената е вредноста што туристот и давателот на туристички производ ја утврдуваат за да се овозможи размена. За туристот, кој во овој случај е потрошувач, цената што тој е подготвен да ја плати при посета на една дестинација е еднаква на очекуваното задоволство што ќе го искуси. Од друга страна, давателот на туристичка услуга се обидува да ги покрие своите трошоци и да ги добие посакуваните придобивки.

Препознатливите стратегии за цени, како што се динамичко одредување на цените, ценовното прелистување, цените засновани на конкуренцијата, итн., се со поголема веројатност да се применат за производ кој веќе е на пазарот и за негова тековна промоција. За нови производи, како овој „Крушево и Елбасан - признаена прекугранична туристичка дестинација," и за кој станува збор во рамките на оваа Анализа, литературата советува примена на стратегијата за ценовна пенетрација.

Сепак, оваа стратегија сугерира цени пониски или еднакви на трошоците за производство, што во случајот Крушево – Елбасан не би било можно да се имплементира, бидејќи производот не се развива или продава само од еден давател на туристички услуги. Напротив, производот во случај на дестинација

Крушево - Елбасан, според барањата и потребите треба да претставува ЗАЕДНИЧКИ АКТИВЕН ПАКЕТ ЗА ТУРИЗАМ, составен од неколку различни туристички услуги како што се сместување, туристички водич, транспорт, локални искуства, храна, авантура на отворено итн.

Целта на ценовната стратегија во оваа фаза од дестинацијата Крушево – Елбасан е да привлече посетители и до одреден степен да генерира повторливи пристигнувања и посети.

Друг фактор што влијае на ценовната стратегија е создавање на перцепција дека дестинацијата е „полна" и дека е тешко да се најде место за да се посети. Односно, дали постои желба да се резервира однапред, за да се види една дестинација, токму поради нејзината привлечност. Од друга страна, тука е прашањето за максималната носивоста на туризмот (TSS).

СТО ја дефинира носивоста на туризмот (TSS) како максимален број на туристи кои можат да ја посетат дестинацијата во одреден момент, без да се уништи физичката, економската или социокултурната средина и неприфатливо е неприфатливо да се намали квалитетот на задоволството на посетителите, што значи дека тој број не е секогаш еднаков на бројот на достапни кревети/легла во дестинацијата.

Сепак, анализата на расположливоста на сместувачките капацитети покажа дека бројот на искористени легла е далеку под потенцијалот на дестинација (42 кревети во просек се зафатени на годишно ниво од 1.250 достапни во Крушево), а со сегашните пристигнувања, во секој случај, не е достигната носивоста на туризмот (TSS) на дестинацијата Крушево и Елбасан.

Понатаму, стратегијата за цени треба да го земе предвид местото на туристичкиот производ и да понуди цени во рамките на опсегот на трошоците за инпутите во производот, како што се фиксните трошоци (комунални трошоци, плати, даноци на имот итн.) кои се редовни за таа дестинација/место.

Позиционирањето, исто така, ја одредува цената, бидејќи опсегот на цени треба да одговара на нивоата на приходи насочени во трагетираните пазарни сегменти како потенцијални туристи заинтересирани за дестинацијата (профилирањето на потенцијалните посетители беше претставено погоре, делот за сегментација на пазарот).

Промовирањето на дестинацијата како „едно патување во две земји" за авантура во природа и семејна дестинација за слободно време што нуди уникатни локални искуства (видете ги предлозите за USP погоре), исто така влијае на стратегијата за цени. Дестинацијата е промовирана како прекугранична природна оаза која обезбедува авантура како што се параглајдерство, планинарење или рафтинг со автентично сместување (стил на градот Крушево и рустикален стил на гостински куќи во Елбасан) и вкусна храна. Стратегијата за цени треба да се однесува на целокупното искуство понудено од двете локални дестинации.

Имајќи ги предвид горенаведените аспекти на маркетинг миксот на дестинацијата (производ, место, промоција), ценовната стратегија на Крушево – Елбасан треба да се заснова на пресметка на трошоците плус маржата за двете локални дестинации одделно. Тоа е победнички концепт и за локалните туристички провајдери и за туристите.

Во оваа фаза од развојот на ЗАЕДНИЧКИ ПАКЕТ ЗА АКТИВЕН ТУРИЗАМ, не е веродостојна заедничка стратегија за цени. Имено, заедничкиот туристички производ сè уште не е пилотиран или промовиран. Засегнатите страни не се вмрежени на деловно ниво. Не постои сеопфатна организација (DMO) која координира и спроведува уникатен маркетинг микс на двете локални дестинации.

Треба да следи понатамошно истражување бидејќи дестинацијата е поставена во две различни економии, а координираната цена на пакетот за патување треба да ги одразува трендовите на националните пазари и пазарот на регионот.

**План за маркетинг и рекламирање**

Пред да се подготви планот за маркетинг и рекламирање, се елаборираат тековните трендови во маркетинг индустријата за дестинацијата, за да послужат како општа рамка за специфичните активности на маркетинг планот за Крушево–Елбасан. Самиот предуслов за имплементација на единствен маркетинг план, како и секој маркетинг акционен план, за која било дестинација, е да има одговорна организација за спроведување на истиот (без разлика дали е јавна, приватна или основана од повеќе засегнати страни).

На ниво на проектот, според барањата на задачата, индикативниот маркетинг план треба повеќе да се фокусира на заедничкиот активен туристички пакет за Крушево и Елбасан, а не на промоција на целокупната дестинација.

За Анализава, овој индикативен план ги зема предвид актуелните маркетинг трендови:

СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ се главниот канал за комуникација и маркетинг, следејќи го актуелниот тренд на индустријата ширум светот. Социјалните медиуми се врвен приоритет во градењето свесност и запознавање со дестинацијата Крушево–Елбасан како авантуристичка дестинација.

На пример, бројот на поставени приказни (Story) на Инстаграм (IG), кои за прв пат беа лансирани во 2016 година, се зголеми 11 пати од стандардните објави (Feed) и сочинуваат 47% од целата содржина на Инстаграм (IG). Најмоќните Инстаграм приказни ги споделуваат вистински посетители кои директно учествуваат во одредени авантура/и на дестинацијата. Видеата од посетителите како параглајдинг или рафтинг, потопени во спектакуларна природа, се новиот „збор од уста" во рекламирањето.

Од друга страна, не сите инфлуенсери (луѓе платени за да рекламираат дестинација) создаваат еднаква промоција. Може да биде тешко да се одреди кој е висококвалитетен инфлуенсер за да се приближи дестинацијата Крушево–Елбасан до идентификуваната цел на профилирани туристи.

Друг пристап што се покажа како ефикасен на социјалните медиуми, е вклучување на локалното население во маркетинг кампањи за ефективно да се пренесе културата и атмосферата на дестинацијата.

Конкретно, ИНСТАГРАМ е робусна платформа за визуелно раскажување приказни. Инстаграм има најголем ангажман по објава во споредба со која било социјална мрежа - 84 пати повеќе од Твитер (Twitter), 54 пати повеќе од Пинтерест (Pinterest) и десет пати повеќе од Фејсбук (Facebook)[1].

Со оглед на тоа што 95% од корисниците на Инстаграм се исто така и на Фејсбук (Пју Истражувачки центар), вкрстената промоција на дестинацијата ќе поттикне понатамошен досег и ангажман. Покрај тоа, речиси половина од сите корисници на Инстаграм ја користат апликацијата за да им помогне да изберат дестинација за патување. Со динамичните реклами на Инстаграм за патување и зголемената употреба на платформата за резервација на патување, маркетинг планот може да дефинира незначителен буџет за таргетирање на потенцијалните патници до дестинацијата Крушево – Елбасан, нудејќи прецизни заеднички активни пакети до самата дестинација.

Со повеќе од 2 милијарди активни корисници месечно, ФЕЈСБУК (FACEBOOK) ја задржува својата позиција како број еден платформа од социјалните медиуми за допирање до потенцијални посетители. Во комбинација со платени реклами и промовирани објави, најдобриот начин за поттикнување на социјалниот сообраќај за Фејсбук е објавување свежа, уникатна содржина. Над половина од корисниците на Фејсбук велат дека фотографиите на нивните пријатели ги инспирираат и нивните планови за патување. Бидејќи Фејсбук продолжува да ја проширува својата улога во просторот за патување со лансирањето на функциите на апликациите како „Градски водичи" во 2017 година, директен конкурент на „Патувањата на Google", Фејсбук многу поверојатно ќе се приклучи во редот на TripAdvisor, Google итн., во детално планирање на патувањето.

Луѓето го користат Твитер (Twiter) за да откријат нешто ново и интересно, а патниците ја користат платформата за сите фази: од планирање на патувањето па се до споделување искуства од самото патувањето. Корисниците на Твитер имаат 45% поголема веројатност да објавуваат мислења за дестинациите отколку другите корисници на социјалните медиуми.[2]

Видеата за патувања се едни од најгледаните на YouTube бидејќи каналот го задржува статусот на втор најголем пребарувач во светот. Денес, платформата ја користат 18-49-годишници, повеќе од која било друга кабелска мрежа во САД.[3]

SEO, оптимизацијата на пребарувачите е поважна од било кога. Повеќе од половина од патниците под

1 извор SproutSocial
2 извор AdWeek
3 извор Hootsuite

34 години (што се совпадна со профилот на туристи кои потенцијално ја посетуваат дестинацијата за активна авантура на отворено,) користат општ пребарувач за да ги проверат сместувањата и активностите, и за да ги споредат цените со дестинациите пред да одлучат каде да патуваат.

Покрај употребата на социјалните медиуми и оптимизација на пребарувачите за маркетинг цели, оваа Анализа ги зема предвид и традиционалните алатки за промоција. Една од најупотребуваните маркетинг алатки во Б2Б (B2B) туристичкиот бизнис е организацијата на ФАМ (тури за запознавање). ФАМ тури е маркетинг алатка за привлекување посредници (туристички агенции и тур-оператори) до дестинацијата за организирана продажба на туристички пакети. Обично, сите поврзани трошоци ги покрива организаторот, DMO или некое друго одговорно тело. Туристичките агенции ги нудат своите производи/патнички пакети на организирани групи, или во случајот Крушево–Елбасан, тие би ги таргетирале постарите луѓе заинтересирани за култура и историја (видете ја сегментацијата на пазарот).

Накратко, маркетинг планот на дестинацијата Крушево–Елбасан треба да биде детален и имплементиран од обединето тело, DMO или друго одговорно тело за маркетинг и промоција на дестинацијата во целина. Во меѓувреме, фокусот треба да се стави на заедничкиот активен туристички пакет со користење на каналите на социјалните медиуми и ФАМ тури.

Во однос на индикативните распределби по рекламни активности, соодветната презентација е дадена подолу, следејќи ја препораката на литературата за новоразвиени или туристички производи во развој:

Како што е претставено на графиконот 6, буџетот за рекламирање изразен во проценти (%) вклучува инвестиции во платено рекламирање на Instagram до 35%, Facebook 25%, FAM Tours 20% и B2B продажби до 5%.




Важно е да се одговори на заедничката и комплементарна можност за рекламирање преку Facebook и Instagram, бидејќи и двата канали на социјалните медиуми се управуваат преку истите алатки. Истата произведена содржина може лесно да се рекламира на двата социјални медиуми или соодветно да се префрли согласно на целната публика на која се однесува дестинацијата.

Слика 6: дел од буџетот за рекламирање во %

Сепак, за силна и унифицирана промоција низ рекламните канали, оригиналната медиумска содржина треба да се развие според клучните упатства поставени во Единствениот предлог за продажба (види погоре).

## VII. Заеднички авантуристички туристички пакети на дестинацијата Крушево – Елбасан



Предлог А: „Недела на авантура во природа" - развиена од мешана група засегнати страни поврзани со туризмот за време на 1-вата работилница одржана во Елбасан на 18-19 мај 2022 година.

**Наменето за:** мали организирани групи, 8-12 лица;

Вид на услуга: целосен пакет за патување

**Маршрута и предлог програма:**

**Вовед:**

Планинските земји на Балканот сè уште имаат скриени скапоцени камења на природата и гостопримството, нудејќи им на туристите единствена можност да истражуваат



градови и села преку границите. Возбудливото патување во Северна Македонија и Албанија ќе открие прекрасни предели, големо културно богатство и интересни локални приказни. За време на ова патување, ќе бидете активни и ќе уживате на отворено, во прекрасната природа, вкусувајќи ја локалната кујна и чувствувајќи го огромното гостопримство што преовладува во дестинацијата на градовите Крушево во Северна Македонија и Елбасан во Албанија.

Тоа е патување низ времето, нудејќи означени патеки во недопрена природа за планинарење и велосипедизам, историја и култура што треба да се истражат, почнувајќи од античките места како Ад Квинтум во Елбасан до модерниот Меморијален центар на познатиот македонски пејач Тоше Проески во Крушево.

Редок спој на култура и активно патување ги очекува ентузијастите на отворено, бидејќи можете да параглајдирате и од највисокиот град на Балканот – светската обновена дестинација за параглајдинг Крушево, како и од планинската езерска област Фунар кај Елбасан; можете да ги истражувате шумите, да јавате коњи, да одите на рафтинг по реките во близина на Елбасан, на скијање во зима или едноставно да се одморите во велнес објектите во Елбасан, да вкусите прекрасно вино со традиционална кујна. Урбаната детоксикација е загарантирана на патување во две земји  - едно искуство!

**Дневна програма:**

**Ден 1: Пристигнување во Елбасан (пристапна точка Тирана, Албанија).** локална храна за вечера и ноќевање во Елбасан (можност за престој во хотел во градот Елбасан, хотел СПА или во куќа за гости - апартмани во околните рурални области)

**Ден 2:  Ден на авантура – истражувајте го подрачјето на Фунар пешки!**

Фунар се наоѓа на север од Елбасан, на околу 50 минути возење од центарот на градот, во планински регион. Во 1967 година биле изградени четири водени акумулации, кои заедно со околната борова шума создава живописен поглед на алпските езера. Областа е свежа во лето и прилично живописна во текот на снежните зими. Самата област е многу погодна за практикување разни активности на отворено и спортување.

До областа со езерота може да се стигне пеш од Фунар, што нуди планинарење меѓу неверојатни природни пејсажи!

**Ден 3: Уживајте во природа – пливање и кајакарење во Фунарските Езера**

Уживањето на отворено во областа на Фунарските езера,  ќе ви даде можност да бидете активни и да изберете помеѓу пливање во едно од четирите езера со смарагдно сини води и кајакарење, неколку часа во свежината на шумскиот воздух. Како и да е, областа Фунар нуди активно патување, активности на вода поткрепени со вкусна храна, подготвена од локалното население, пикник на отворено, покрај езеро, уживајќи во неверојатната околина и во природата. Некои од активностите кои можете да ги доживееете се:

- **Параглајдерство:** главно во пролет и есен, почнувајќи од платото на Церује (близу Фунар).
- **Стрелаштво:** постои здружение во Елбасан кое нуди искуство во стрелаштво.
- **Кампување и подготовка на скара:** околу езерата има недопрени ливади, кои се совршени за кампување.







- **Кајакарство во езерата и други игри на вода.**
- **Планински велосипедизам по патеките низ шумата околу Фунарските езера.**
- **Пешачење околу Фунарските езера или истражување на други патеки и места како што се пештерата Мбитје (место Молаѓес), планината Коре  и Кањонот Допај.**

**Ден 4: Запознајте го Ерусалим на Балканот - Охрид, град на културата и природата**

Трансферот од Албанија до Северна Македонија, т.е до градот Крушево како втор центар на ова патување, ако се направи преку Охрид преку преминот на Ќафе Тане/Ќафасан е најдобро искуство.

По околу 2 часа возење (вклучувајќи го времето за преминување на границата), посетителите ќе стигнат до градот Охрид, и до  најстарото езеро во Европа, Охридското Езеро. Одвојте неколку часа за да го истражите родното место на словенската писменост, како и градот со 365 цркви. Плаошник, Канео, црквата Света Софија, „Куќата на Робеви", Стариот град и Калето се популарни места што треба да ги посетите доколку сакате да дознаете повеќе за историјата и културата на македонскиот народ. Во топол ден, можете да пливате освежубајќи се во кристално сините води на Охридското Езеро или да се опуштите покрај брегот, вкусувајќи ја познатата охридска пастрмка.  Патувањето продолжува со трансфер до Крушево преку Битола. Ноќевање во Крушево, можност за сместување во Хотел, СПА Хотел или апартмани.







**Ден 5: Адреналинско уживање на Крушевското небо**

Крушево е светски позната дестинација за параглајдерство, која речиси цела година нуди авантура на тандем параглајдерство над Пелагониската котлина. Совршен начин да се види од височина највисокиот град на Балканот е еден параглајдерски лет над него; Тандем параглајдерска авантура со искусни и лиценцирани пилоти за параглајдинг ќе ве однесе низ и околу овој град сместен на 1.350 м.н.в, овозможувајќи ви да уживате половина час во глетката на Пелагониската котлина, како и на густите шуми околу Крушево. По овој наплив на адреналин, ќе ја повратите вашата енергија со традиционалниот ручек направен од локални производи во ресторанитe лоциран во центарот на градот. Овде, во Крушево, можете да го вкусите традиционалниот оброк Чомлек, тава со телешко месо збогатено со пиперки, кромид, суви модри сливи, вино и зачини.

Попладнето е резервирано за разгледување на градот со туристички водич, така што ќе се запознаете со бунтовничката историја на крушевчани, Илинденското востание и споменикот Македониум, симболот

на македонскиот борба против Отоманската империја на почетокот од XX век. Уживањето во градската прошетка може да се заслади со локални десерти – локум или целуфки направени од белки и шеќер, традиционални, крцкави, бели и превкусни.

**Ден 6: Истражете ги старите Крушевски шуми со јавање на коњ**

Недопрена природа ве чека за да се детоксицирате од урбаниот живот или полека и целосно да уживате во времето. Јавањето коњ низ шумите стари 300 години, освежувачкиот воздух и прекрасните глетки се препорачано искуството во Крушево. За поискусните јавачи, самостојно или пак со водич, се нудат тури за јавање по неколку патеки што можете да ги изберете и да уживате во околината на Крушевското Езеро или густината на околните шуми. Како и да е, првата половина од денот ќе биде исполнета со релаксација и неверојатни погледи на недопрена природа.





Традиционална храна подготвена од локалното население, кое нуди пити и сирење, може да се послужи покрај езерото и да ви овозможи незаборавно време поминато во Крушево. Попладнето е слободно за откривање на локалните продавници, кафулиња и барови низ тесните улички на старата чаршија на Крушево во самиот центар на градот. Ноќевање во Крушево.

**Ден 7: заминување од Скопје, Северна Македонија.**

**Предлог Б:** Мешовита група на заинтересирани страни, поврзани со туризмот, развија туристичка понуда за една недела на авантура во природа *за време на 2-та работилнница што се одржа во Крушево во јуни 2022 година.

Наменето за: мали организирани групи, 8-12 лица;

Вид на услуга: целосен пакет за патување

**Маршрута и предлог програма:**

**Вовед:**

Крушево и Елбасан, како прекугранична дестинација, имаат комбинирана понуда за туристите, како што се недопрената околина, прекрасната природа, историското и културното наследство, перспективите за активен / авантуристички туризам (параглајдерство, активни спортови, планинарење, планински велосипедизам, кајакарство итн.). Двете прекугранични области се одлучни да одат на врвно светско ниво како единствена и уникатна туристичка дестинација.

Крушево е една од врвните светски дестинации за параглајдерство. Во 2019 година беше домаќин на 16-тото Светско првенство во параглајдинг. 5.000+ годишни пристигнувања поради авантурите со параглајдинг, го ставаат Крушево како дестинација на светската мапа на патници. Во исто време Крушево прави акции за иновативни туристички понуди (Промовирање на езерото за капење, кајак, лесна кружна прошетка; Промоција на многу нови велосипедски патеки низ неверојатната природа и шума; Авантуристички парк и Болдеринг карпа; Скијање во зима и обезбедување снег со снежни топови кога е потребно и користење на истата скијачка патека за возење АТВ во текот на летото; Јавање коњи низ Крушевската шума / корија; Пешачење во планините и шумите околу Крушево и берење шумски јагоди; Посета на спа центарот во хотел Панорама итн.) кои ги привлекуваат авантуристите и семејните туристи да доаѓаат во текот на целата година.







Елбасан е живописно сведоштво за историјата. Градот, освен живеалишта и продавници, Елбасан веќе содржи многу историски/културни градби како што се цркви, манастири, џамии и амами (јавни бањи). Специфичен потенцијал за развој на туризмот е и Фунар која што е област богата со шуми со четири оддвоени езера или акумулации, две во селото Фунари и две други скриени зад планините што го опкружуваат. Со малку труд, оваа област може да се претвори во атрактивна дневна туристичка област бидејќи свежата клима, импресивната природа и вештачките езера го даваат најдоброто од неа.

Сите овие атракции ќе бидат промовирани со овој предлог туристички пакет.

Дневна програма:

**Ден 1:** Пристигнување во Крушево, (пристапно место Скопје, РСМ), локална храна за вечера и ноќевање во Крушево (можност за сместување во хотел во Крушево, хотел СПА, или во традиционална куќа за гости во градот).

**Ден 2:** Уживањето на отворено во Крушево ќе ви даде шанса да бидете активни и да изберете помеѓу пливање/кајакарство во Крушевското езеро, тандем параглајдерство, пешачење низ шума или возење велосипед низ планински патеки, посета на авантуристички парк и/или возење АТВ низ ски терен. По овој наплив на адреналин, вашата енергија ќе се врати со традиционалниот ручек направен од локални производи во ресторан лоциран во центарот на градот. Овде, во Крушево, можете да го вкусите традиционалниот оброк Чомлек, тава со телешко месо збогатено со пиперки, кромид, сини сливи, вино и зачини.





Попладнето може да се организира разглед на градот и посета на историските споменици, цркви и места, за да се запознаете со бунтовничката историја на крушевчани и Илинденското востание. Посета на значајниот споменик на Крушево Македониум, симболот на македонскиот бунт против Отоманската империја на почетокот на XX век; Посета на Музејот на Леарницата, Музејот на Илинденското востание и Крушевската република, Музејот - галерија „Никола Мартиноски“, и со тоа да се види градската традиционална архитектура. Оваа градска прошетка може да се заслади со локалните десерти – локум, или целуфки, десерт од белки и шеќер, традиционален, крцкав, бел и вкусен. Локум и кафе може да се послужат во автентичен амбиент на стара крушевска куќа.

**Ден 3:** По влез во Албанија од граничниот премин Ќафе – Тане (Ќафасан), застанување во палео христијанската базилика во Лин (Поградец) и ручек во ресторан во близина на Охридското Езеро. Потоа се патува за Елбасан. Организирање на Народна вечер, традиционална храна, носии и музика и игра. Ноќевање во Елбасан.

**Ден 4**: Рафтинг по реката Шкумбин во првата половина од денот, ручек во традиционален ресторан. Патување до Фунар во втората половина од денот, сместување во локални објекти и шатори (кампување). Локална храна за вечера. Ноќевање во Фунар.

**Ден 5:** Параглајдерство, пловење со кану во езерата Фунар, спортови на вода, планинарење, риболов и стрелаштво. Локална храна за ручек. Патување за Елбасан во вечерните часови. Вечера во традиционален ресторан.

**Ден 6:** Патување во Ѓинар. Јавање коњи, планинарење, возење велосипед, посета на стари локални цркви и природни споменици и стрелаштво. Ноќевање во Ѓинар.

**Ден 7:** Патување назад во Елбасан, посета на историските локалитети на Елбасан (тврдината, базиликата, итн.) изборно во зависност од времето, поаѓање за Тирана, место на заминување - аеродромот во Тирана.











